СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 10 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА 57-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 10.III.1993 г.**

1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 6, 7, 87, 99
2. АНДОНОВСКИ ЈОВАН (од Владата) - 101, 104 Дневен ред стр.5
3. АБДИ ФАИК - 32
4. АРСОВСКИ ДУШКО - 65
5. АРСОВ ДРАГИ - 67
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 75
7. БОШКОВ ЈОРДАН - 16
3. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 99
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 41
10. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 35
11. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 17
12. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 84
13. ИСМАЕЛ ГУНЕР - 3, 4
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 106, 116
15. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 12
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 5, 19, 20, 21
17. МАНЕВ ЕФТИМ - 72
13. МИНОВ ПАНЧЕ - 97
19. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 80
20. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 89
21. ПЕТРОВ ТОДОР - 45
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 23
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 13
24. ПОПОВСКИ КИРО - 50, 64
25. СЕЛМАНИ НЕИМ - 70
26. СПИРОВСКИ АЦО - 25
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4, 8, 11
28. СТЕФАНОВ ПЕТРУШ - 2
29. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 58, 65
30. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 62
31. ТОШЕВ БЛАГОЈ -

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 март 1993 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 57-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Петар Гошев, Флоре Масалковски и Благој Ханџиски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За седницата поканети се претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите. и членов] те на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав врз основа на член 97 став 3, од Деловникот на Собранието на Република Македонија по барање на Владата на Република Македонија.

Барањето на Владата на Република Македонија за свикувања на оваа седница ќе го образложи членот на Владата и министер за стопанство Петруш Стефанов.

I/2 РД/НД

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ;**

Почитувани пратеници, состојбите во РЕК "Битола" веќе еден месец беа во центарот на вниманието на македонската јавност и кои што предизвикаа различни коментари, како во стопанството така ди во јавниот живот на Република Македонија. Во еден момент дојдоа во фаза кога можеше да дојде во гласност одржувањето на енергетскиот систем на Република Македонија. Од тие причини, Владата на Република Македонија оцени дека, со оглед на фактот Законот за енергетика не се опфатени сите можни состојби кои што евентуално би се случувале во ова претпријатие од посебен општествен интерес за Република Македонија, од тие причини Владата оцени дека треба да се дополни постојниот закон за енергетика,. Јас во овој момент не би се навраќал на сите состојби кои што беа присутни feo РЕК "Битола", верувам дека сите вие добро сте запознати и од печатот и од разговорите на седниците на Комисиите во Собранието на Република Македонија. Би сакал само да искажам определба на Владата на Република Македонија дека донесувањето на Законот ^а дополнување на Законот за енергетика е од исклучителна важност, затоа што во постојниот закон нема одредби кои што би го санкционирале евентуалното неизвршување на обврските кон електро енергетскиот биланс на Република Македонија и кон потребите на Република Македонија за електрична енергија.

Владата на Република Македонија оценувајќи дека се' присутни одредени недоречености во правната регулатива со која се уредуваат односите меѓу државата и јавните претпријатија од посебен општествен интерес, а оцени да му предложи на Собранието на Република Македонија како основач на јавното претпријатие Електростопанство на Македонија да донесе законски прописи со кои ќе ја овласти Владата на Република

Македонија да одлучува за прашања кои се битни за раководење надзорот и функционирањето на јавните претпријатија во земјата. Тоа се основни те причини поради кои Владата на Република Македонија предложи дополнувања на Законот за енергетика и дополнувања на Законот за претпријатија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со оглед на тоа што на 56-та седница се наоѓаат многу значајни акти кои не трпат одлагање сакав да ви предложам да не се дополнува дневниот ред за 57-та седница за да можеме што побрзо да / завршиме со оваа седница и да продолжиме со 56-та седница. Меѓутоа, пратеникот од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Томислав Стефковски, предлага за денешната седница да се дополни со Информација за закажаната претстава "Евангелије по Јуда" во Струмица. Го молам претставникот на Владата да се произнесе по Предлогот на пратеникот Томислав Стефковски.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, барањето за информирање е поднесено вчера до доцните попладневни часови. Од утринава Владава<не можеше и не! беше во состојба да подготви информација, која што би била опстојна,и соодветна на стандардите и критериумите според кој што работи оваа Влада. Меѓутоа, време е сепак ова Собрание да се раcправаше себе си дали е можно ова Собрание да го претвораме во улога на цензорска комисија, со оглед на тоа што барањето онака како што е инторнирано имплицира расправа која што во себе содржи и дисквалификации или можни дисквалификации, содржи многу нешто од она што ние јас се надевам, искрен да бидам ние се ослободивме. Едноставно можеби е нужна една расправа за слободата на творештвото. Мене ме зачудува барање за информирање околу некаква претстава која

што е уметничка творба сама по себе. Барањето доаѓа од пратеничка група во која што постојат неколку автори кои и јас како автори исклучително многу ги ценам, автори кои што предизвикувале со своите дела исто така контроверзии, меѓутоа оваа говорница нека ми послужи уште еднаш да им се извинам на сите оние кои што од страна на уметниците, или она што е уметничка слобода, или интерпретацијата на светот, историјата се навредени. Според тоа јас ве молам уважете го ова мислеше на Владата и доколку инсистирате Информацијата Владата е способна и спремна таа информација писмено да ја изготви.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, во текот на вчерашниот дел поднесовме барање за дополнување на 57-та седница. Сето во врска со претставата во Струмичкиот народен театар. Меѓутоа, денеска поднесов, и писмено известување до претседателот дека барањето за ставање на дневен ред го поднесувам во свое лично име, а не во име на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Оттука, како предлагач на дополнувањето на дневниот ред јасно е дека судбината на мојот предлог зависи од мене. Бидејќи предлогот за дополнување на дневниот ред е дадено пред соопштението на светиот архиерејски синод во врска токму со ова прашање за одржувањето на претставата во Струмица, не инсистирам да се расправа на денешната седница туку на една од наредните седници.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас го држам во рака барањето токму на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и потпишан од координаторот Томислав Стефковски. Јас тоа што го имам во рака, затоа и така дискутирав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа што сме добиле ние сме поделиле. Меѓутоа,во меѓувреме добивме исправка и јас овде ја прочитав точно како пишува во исправката, а не како во претходниот текст. Меѓутоа, немаше време да се подели.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон,

2. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за претпријатијата со Предлог на закон.

Дали некој бара збор во врска со дневниот ред?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство', дами и господа1 пратеници, ч со оглед на тоа што работата како што беше изнесена од министерот тече во ред во РЕК "Битола" и со оглед на тоа што двата предложени закони се неуставно предложени, од причини на пепелта угасена да не тураме сега по^вторно бензин да се распламтува сметам Владата да си ги повлече овие два закона и да ги пушти во редовна постапка да се донесат како што тоа законски е предвидено, а седницата да продолжи со дневниот ред од поранешната седница. Сметам дека ова најправилно ќе биде и дека нема потреба да растураме работи кои ќе доведат во друга последица, а веќе работите си течат, работат со добра постигната работна способност, го надминуваат планот, така да од сето досега можеше да се види дека причините не лежат секогаш во работникот, ами лежат на друго место и затоа не сакам да дискутирам за тоа, сметам дека најцелисходно ќе биде повлекување на овие два закона, а после тоа да се пуштат по редовна постапка, а седницата да продолжи со работа со поранешната седница.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, јас не се согласувам со потезот што го презеде господинот Томе Стефковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа не дискутираме. За тоа нема.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За мене има. За мене има затоа што ни се вреѓа нацијата, затоа што ми се навредува верата. А во ова писмо е потпишана македонската православна црква, источно католичката црква, евангелистичката црква. Никој не може тоа да го повлече и кога во оваа слика тука што ја носам некој ми ја навредува и државата (ја покажува сликата)-

А вечер ќе се кажува претставата а ние ќе разговараме после претставата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме ние за тоа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Еве како Македонија моја ја навредуваат. И верата и Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ослободете ја говорницата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ако сте атеиста, само да кажам два збора. Некој си Селман Ружди е осуден на смрт само што напишал неколку стиха и се крие по светот, а отворено ни ја напаѓаат верата некојси Југослав, вечер ќе дава претстава и ние господа од сите парламентарни групи треба тоа да го премолчиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме за тоа. Ова е Парламент.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас барам одговор од господинот министер на крајот на краиштата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ќе си поставите пратеничко прашање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ние пратеничкото прашање го поставивме,а нема да го чекаме после месец дена а претставата почнува вечер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ослободете ја сега говорницата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мојата држава не е таа што ја нацртал некој Југослав или некој уметник. А ние бараме признавање од тие вери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ослободете ја говорницата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас ќе ја ослободам само сакам да се задоволи барањето уште по еден час од вас господине министре барам одговор и тоа позитивен. Забрана на тие, зашто утре ќе ви се случи во вашата вера вакво нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор во врска со предложениот дневен ред.

Господинот Мицевски збореше во врска со дневниот ред, а господинот Анастасовски излезе од тој контекст.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неспорно дека штрајкот во РЕК "Битола" е повод за овие закони. Се работи за сложен и обемен закон без оглед што содржината е дадена само во два члена. Законот за претпријатијата е еден од основните закони кој задира во економскиот политичкиот и стопанскиот живот на државата и на работниците и ваква брза промена е невозможна пред претходно да биде донесен закон за приватизација. Овој закон задира во Уставот и не може да се донесе по скратена постапка. Овој закон настојува да реши две прашања. Да го уреди управувањето во претпријатијата на една недемократска опција значи Владата и второ, задира во сопственоста, се дава предност на општествената сопственост, а ние сме определени за приватната сопственост. Сопственоста и управувањето одат заедно. Со овој закон се решаваат крупни темелно, економски и политички прашања од кои директно зависи политичкото и економското уредување на Република Македонија, задира во секојдневниот живот, во системот на стопанството, а тоа не е дозволено да се прави преку ноќ. Сопственоста е основа на управувањето и од неа , зависи како ќе биде управувањето. Членот 58 од Уставот е многу јасен. Се поставува прашањето какво управување и врз која основа ако се определиме за приватната сопственост. Со идеја мислењето од предложените закони дека Владата не може да се носи со пазарното стопанство оттука се определува и сака да се воведе административно управување што дава слика и на политичкиот систем. Во Законот што се нуди, јавните претпријатија не се таксативно наброени, а тие се општествени, мешовити и приватни и сега Владата ќе треба и нив да ги администрира. Сопствениците на средствата на јавните претпријатија се јавните претпријатија а не државата. Оттука

Владата во случајов се избрзала, нема место за ваков закон, односно потребен е целосен закон за претпријатијата.

Во однос на Законот за енергетика истиот е во целост спротивен со Уставот, штрајкот никој не може да го запре. Ете затоа сметаме дека оваа седница ниту може да биде итна ниту предложените закони да се носат во скратена постапка. Сакам да укажам на една нова околност дека во текот на денешниот ден добивме, како координатор на пратеничката група, а веројатно и другите координатори еден заклучок на состанокот на Конференцијата на синдикатот на јавните претпријатија на електростопанството на Македонија во кој што имаат поддршка од 24 хидроелектрични системи, термоелектрани во Република Македонија од скоро сите градови во кој што се укажува дека ќе се стапи во генерален штрајк и» ќе ги повика сите јавни претпријатија во Република Македонија во општ генерален штрајк доколку Денеска се расправа и се направи обид да се донесат овие закони. оттука сметам дека треба да има! целосно разбирање на овој заклучок што е поднесен од синдикатот на Електростопанството на Македонија и дека нема место! за одржување на 57-та седница, туку едноставно да минеме на продолжение ан 56-та седница. Во тој контекст беше и моето поднесување на барањето за дополнувањето на дневниот ред, меѓутоа ова што се случува тоа е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, тогаш молам кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (61)

Дали има некој против?(22)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Минуваме на **првата точка** од дневниот ред **-** Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за енергетика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Педесет и седум пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

Деветнаесет пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Педесет и шест пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (19 пратеници) .

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Господинот Стефковски процедурално сака нешто да каже.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние сме информирани дека ЗПК на ова Собрание усвоила заклучок со кој што смета дека нема потреба од донесување на овој закон. Оттука сметам дека треба да се повика претседателот на ЗПК да го образложи таквиот заклучок на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите пратеници овде сте повикани и кој сака ќе каже и ќе се јави за збор.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници,

Што се однесува до донесувањето на ваквиот закон, роковите утврдени со Уставниот закон за спроведуваше на Уставот на Република Македонија се за усогласување на законите што не се во согласност со Уставот на Република Македонија, одамна изминаа. Таков е законот и за енергетика, кој е донесен во 1987 година и кој е типичен закон на договорената економија. Сега наместо Владата да предложи целосни решенија за една гранка, како што е електростопанството, таа предложува, односно продолжува со поракaта на крпеници и тоа непогодни кој доведуваат до поголема заблуда и правна несигурност. Таков е случајот со Предлог-законот за донесување на Законот за енергетика, во кој закон се уфрлуваат вештачки одредби, кои не припаѓаат кон регулативата на оваа материја. Така, ако Владата сака да се измени нешто по правото на штрајк, постои закон која материја ја регулира ,во целост. Секое дополнување на регулативата за штрајк мора да биде на ниво на држава за сите стопански субјекти или нивни дел како што се јавните претпријатија, а не поединечно. Ваква дадениот предлог неоспорно упатува да ни се предлага од Владата да се врши пресметка за работниците од едно і претпријатие што е недопустливо. Посебно и што предлогот е спротивен на член 38 од Уставот на Македонија во кој изричито текстовно се наредени дејностите во кој штрајкот може да се ограничи. Не може да се спречува и ограничува правото на штрајк во демократска земја со закони на откази и слично.

Одредбата на член 94-а од Предлогот е исто така вештачки уметнат. Ова може да биде дел од целината на регулативата на јавните претпријатија за односот на основачот на претпријатието. Улогата на управниот одбор како највисок орган на управувањето во кој мнозинството на членови се именувани од основачот, не може да услови на штрајк да биде негиран, а Владата да одлучува за смената на директорот и именување на ВД директор. Според тоа, предлагам , прво, Предлог-законот за донесување на Законот за енергетика да се отфрли, а Владата да се задолжи да донесе закон за целосно разрешување на електростопанството како систем.

Второ, доколку постапката продолжи, предлогот да се разгледува во нормална, а не скратена постапка, за скратена постапка има потреба односно нема потреба ниту постојат посебни услови што ова го бараат. Положбата во РЕК Битола е смирена, а производството е нормализирано, како и раководството.

Трето, во Законот да ,се регулира генерално постапката за избор и разрешување на директорот во јавните претпријатија, при кое да се разработи местото и улогата на органот на управувањето во претпријатието. Вака како што е предложено Владата сака директорите на јавните претпријатија, како што се големите системи да бидат како нивни, послушни службеници. Сполај му.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано Претседателство, почитувани колеги. Јас се разликувам од колегата Личоски во врска со ставовите по однос на предложените закони. Имено, ние денес во моментов расправаме за законот за дополнуваше на Законот за енергетика, но тоа што би го рекол за овој предлог на закон, аналогно би се однесувало и за донесување на законот за дополнување на Законот за претпријатијата, бидејќи тие на некој начин се

комплементарни. Бидејќи се доцни со донесувањето на системските закони меѓу кои и на Законот за претпријатијата, Законот за банките и другите финансиски организации, Законот за трансформација на општествениот капитал итн., нужно е за да ги спречиме некој појави што не одат во прилог на стабилизирањето на стопанските и другите текови во општеството, да се донесат и вакви, би рекол интервентни мерки, а пак решенијата од ваквите интервентни мерки секогаш се надеваме дека ќе се вклучат во интегралните текстови на законите што ќе се донесат, ја би рекол и да се донесат во што е можно пократок рок.

Дополненијата на Законот за енергетика, како и на Законот за претпријатијата мора да се донесат како што се предложени. Јас во таа смисла и тие ги поддржувам. Мислам дека сите ќе се согласите тие заслужуваат поддршка поради причините; што јас ќе ги наведам подолу. Кога се произнесувам за ова го имам предвид фактот дека доста ни се блокадите од надвор. Штрајкот на работниците во РЕК Битола и најавениот штрајк на електростопанство на Македонија мислам дека претставуваат своевидна внатрешна блокада во услови кога во Република Македонија капацитетите се користат со мошне низок степен, кога Македонија се судрува со пад на производството, хиперинфлација и перманентен пад на стандардот на вработените. Но, како да се нема доволно сенз за тоа, па очигледно односно очигледни се обидите за минирање на мерките што ги предлага Владата. Во оваа смисла индикативни се и предлозите, сугестиите од опозицијата, односно од Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа особено се гледа преку пратените амандмани, а и залагањата на денешната седница за да се одлага донесувањето на овие мерки. Уште повеќе барем мене ме зачудува реагирањето на Сојузот на синдикатите на

Македонија, кој солидаризирајќи се со 3000 вработени во РЕК Битола како да го игнорираат поширокиот интерес на 100-тина илјади вработени во Македонија. Мислам, дека тоа треба да се има предвид ако се сака да се стабилизираат економските и другите текови во општеството. Мислам дека електричната енергија претставува важен фактор за нормално одвивање на производниот и другиот процес во стопанството и пошироко во Републиката. Мислам дека јавните претпријатија меѓу кои спаѓа и електростопанството, ПТТ сообраќајот, СИЗ-от за патишта, радиото, телевизијата, / па и железницата, мислам дека тие не можат да се третираат еднакво како и обичните претпријатија. Тие се своевидна инфраструктура на стопанството, па и на општеството и оттука мислам дека заслужуваат и посебен третман, за што претставуваат и посебен интерес како што беше истакнато и на државата, па и на стопанството. Оттука и моето размислување да го поддржиме донесувањето на овие закони, а со тоа 1 и колку е можно да ја попречиме хаотичната положба со која се соочуваме во стопанството и во општеството. Штрајкот како форма на изразување на протестот и незадоволството на работниците, мислам заслужува да се има како категорија , меѓутоа, штрајк да, но под одредени услови, особено во претпријатијата од поширок интерес во јавните претпријатија. Се надевам дека со законот што ќе се донесе со претпријатијата, веројатно, освен ова што е предложено, во дополненијата на овој закон ќе се понудат и посоодветни решенија за во овие претпријатија да не се случи да кажеме да се искористи положбата, статусот на јавно претпријатие, а би рекол во некоја мерка и на монополистичката положба, па да се диктираат услови кои што не би можеле да бидат прифатливи за другите претпријатија, односно индустријата и други и воопшто за сите вработени. во Република

Македонија. Со тоа сакав да кажам дека не смее во најмала рака да се злоупотреби статусот и положбата што ја имаат овие претпријатија. Ако сакаме стабилност и стабилни текови во стопанството и во општеството, јас мислам дека време е ние понекогаш независно од тоа што сме определени за пазарно стопанство, но бидејќи не сме определени за хаос, јас мислам дека ние мораме да се определиме и за поригорозни мерки, посоодветни мерки во управувањето и во раководењето со претпријатијата. Во вонредни услови јас мислам дека неминовно диктираат и вонредни мерки. Оттука, мое мислење е дека ние треба да се согласиме за донесување на овие закони како вид преодна мерка до донесувањето на системските закони што оваа проблематика би ја регулирале интегрално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Бошков бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас сакам да го изнесам своето видување за предложениот закон. Имено, засегањето во доменот на одлучување и раководење со претпријатијата за мене е неприфатливо. Од тој аспект во една фаза кога на развојот на нашата држава кога сакавме што е можно поголема дерегулација, ние гледаме да ја концентрираме целата моќ во тесен круг на лица. Затоа, мислам дека е сосема неадекватно на ваков начин да се вршат измени во системот. Инаку, можам да се потсетам дека тука добар дел од пратениците и беа против тоа . На пример, само за недвижности да си дозволи државата да стави свој печат, свој белег на пример, деловниот простории некои фирми да постанат државна сопственост. Можеби нивната мотивација е коректна, но од друга страна пак имаме да кажам насрнување

врз слободата на одлучување, врз можноста на организирање, па и синдикално во претпријатијата. Затоа, јас сум против тоа овој закон да биде усвоен.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, веќе станува вообичаено, односно вообичаена пракса оваа Влада на Република Македонија по кој знае кој пат повторно да манипулира со непримерни методи и да не доведува пред свршен чин. Така беше многупати досега а еве и денес ни подметнува кукавичко јајце во форма на закон за дополнување на Законот за енергетика. Не треба преголема анализа на предложениот закон за да се сфати дека Владата практично на мала врата сама да ни подметне уште едно противуставно решение кое нема врска ниту со реалноста, ниту со вистинските потреби на Републиката, или пак можеби има. Веќе подолго време во целата Република полека и постепено се удираа темелите на еден нов неокомунистички и апсолутистички систем на владеење како дел на тој систем се обидите на Владата да стави рака насекаде каде што тоа или нејзините министри имаат конкретен и личен интерес. Тоа го повторува и сегашниот случај кој е непосредно предизвикан од Владата за да се задоволат личните апетити за директорски фотељи на  некои нејзини членови. Притоа, штрајкот во РЕК Битола се користи само како повод, покритие или оправдување за ваквите насилнички однесувања на Владата. Дека е тоа така покажува и самиот предложен дневен ред и одржувањето на оваа итна седница. Ако Владата беше загрижена за состојбите во електростопанството во РЕК Битола или пак во стопанството воопшто, оваа седница итно требаше да се одржи уште пред три-четири недели кога започна штрајкот во РЕК Битола. Освен тоа Владата ќе ни понудеше не

само информација за состојбите во оваа област, туку и конкретна програма за санација на катастрофалната економска ситуација во земјата. Наместо тоа ни се нуди Закон за тоа како треба да бидат избирани директорите односно Владата бара тоа да биде кадровска комисија која ќе потврдува и сменува кого сака. Оправдувањето дека се работи за претпријатијата од посебен општествен интерес се апсолутно неосновани од проста причина што според важечкиот устав претпријатие со таков третман нема. Истовремено, со ваквиот предлог Владата повторно ги дели работниците на едни кои имаат право да штрајкуваат и други кои немаат и кои заради еден таков чекор можат да бидат избркани од работа. Ваква анархија вакво беззаконие го немаше и во диктаторските режими од Пиноче односно и на Чаусеску. Донесувањето на еден ваков закон би можело да има тешки последици за целото стопанство во Македонија и значи враќање назад на позициите на социјалистичката 1 државна сопственост. Во конкретниот случај доколку овој закон се усвои уверен сум дека ќе доведе до полициска интервенција, како што беше во РЕК Битола и во други организации. Фрчковски, впрочем е специјалист за тепање на работниците и на народот. А тоа го знаете многу подобро и вие овде. Јавна е тајна, почитувани пратеници, дека сето ова што Владата го предлага фактички е нејзина желба да постави луѓе од нејзините редови на местото директор во Електростопанство на Македонија и РЕК Битола, односно на место на генералниот директор Мито Марковски, да се постави потпретседателот на Владата во оставка Јован Андонов. На една од претходните седници, еден од колегите пратеници од Социјалдемократскиот сојуз рече дека приватизацијата во Македонија се спроведува на ајдучки начин. Јас би сакал само да потсетам дека, заборавив само да кажам дека тоа го

спроведува токму оваа Влада, наједноставно може да се каже, значи таа и таа Влада која е ајдучка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Мицевски има збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, Прво, сакам да направам една забелешка , јас процедурално побарав Владата да ги повлече и Предлогот да беше ставен на гласање, а тоа претседателот на Собранието не го стори. Прочитај како да не . станало такво нешто и си премина на гласањето. Тоа не е важно. Тоа не е прв пат да се случува така и така ќе помине. Настанатата ситуација околу РЕК Битола е поодамнешна работа, сценарио на три-четири раководни органи и приватен член на Владата кога сака се враќа во Владата, кога не си оди од потпретседател на Владата и ако му одговара ќе седи, ако не му седи ќе си оди и ги подготвија тие работи и тргна работата на така. Ние не можеме да се раководиме од тоа во три илјади работници сите тие да не чинат, а четворица или петтина да чинат таму и како божем тие ја раководеле успешната работа во РЕК, а 3000 души не. Кога го зборувам ова сакам да спомнам некои работи што се случуваат. Па, јас вака би почнал, штрајкот не го предизвикаа работниците во РЕК. Свесно или несвесно на претходната седница претседателот Стојан Андов, пред да заврши седницата стана од оваа говорница, го пофали РЕК како најдобра и способна организација што ги извршила задачите и дека треба да им се зголеми личниот доход, дека работеле во потешки услови итн.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Понатаму, уште второиот ден, ако се сеќавате, здравствените работници се дигнаа на штрајк. Наидувајќи се навредени од постапката дека само една стопанска гранка од целокупниот живот во стопанството на Македонија се издвојува и се величи како само таа да ја извршува целокупната работа, а што за мене и тоа претставува гордост дека навистина треба така да ја извршуваат, и сите други како нив.

После тоа, чекајќи го ветувањето, овие работници во РЕК, 7-8 дена ветеното да се изврши, не се изврши и тие без политички претензии бараа да им се покачат, како што ви е познато на сите, личните доходи, без разлика колку чини струјата, кој троши, кој ја купува и каде оди. Нив ги интересираа личните доходи. Према тоа, неисполнето ветување од порано и тие се дигнаа на; штрајк.

Јас се прашувам, јас ги поздравувам тие луѓе, навистина работат под тешки услови, треба да им се даде многу, меѓутоа дали само РЕК Битола ја изврши стопанската задача? Зошто ние можеме да го исклучиме ЗИК Пелагонија, под немаше нафта, немање делови, тешки услови го собра лебот што е исто така едно основно мерило, како и струјата, ако има да јадеме леб. И под такви исти тешки услови што успеа да посее во ненормални околности, да посее со немаше нафта, со немање делови, суша и друго, пак да имаме леб и за наредната година. И тие на некој начин се во иста положба како и другите. Се прашувам, дали оние во рудникот, длабоко што работат во јамите не ја исполнија задачата? Дали оние во хемиските индустрии не ја исполнија задачата што не ги спомнуваме, туку издвојуваме една. И, да не ги редам сите.

Ова го велам затоа што тука претходи една поголема замисла како да се дојде до некој немир во таа здрава, стопанска организација која секогаш ги исполнувала задачите на време и над нормата и имало доволно струја,

како што е 80% за нашето стопанство и нашето граѓанство.

Меѓутоа, како што ја следам работата, како ја увидувам, та ка ќе изнесам некои работи, дека господинот Јован Андонов пред три месеци поднесе по втор пат оставка на оваа Влада. Се обиде да...

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дали има нешто врска со штрајкот?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Со штрајкот, со штрајкот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да му упаѓате, ве молам. Тој има збор. Слушајте. Трајан Мицевски има збор. Ве молам.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Исчепкај ги ушите малку и слушај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате збор, зборувајте.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Побара во тоа отсуство да биде, како што следевме, да биде главен директор на Царинарницата. Тоа не успеа. Главен директор во Реплек не успеа таму, каде што беше со лековите она таму. Во Макпетрол не и последна шанса е овде да се сочува сега во своите раце РЕК и тоа. Кога виде и тоа не успеа, е сега ќе се вратам во Владата, ќе наметнеме со овие закони сега времено да ги вметнеме и да го задржиме она истото. Оттаму почнува расплетот за настаните во РЕК.

Одат во Битола и се организираат со штрајкувачкиот одбор да падне Мито Марковски. Таму се организира штрајк, пола штрајкувачки одбор од рудникот, истите директори сега што беа пред ова сега што се смениja беа тие во штрајкувачкиот одбор, 6-7 души земаа од Термото и протестираа и бараа да им се дадат правата што им се ветени во однос на примањето, на платата, ќе протестираат пред Собранието, па и ако треба, со нивни зборови нека падне и оваа власт.

Си отидоа тие, дојдоа Мито Марковски, кој постар политичар, изгледа, се наметна над ова, тој ја сврти водата на неговиот јаз на воденицата. Наместо да падне тој, се преорганизира и штрајкувачкиот одбор, покрај барањето на платата да се смени управата на РЕК. Ај, се га паѓа управата на РЕК. Се јавува сега, пак идат, господинот Јован Андонов и господинот Црвенковски, одат во Битола и држат со неколкумина нивни инженери таму, а зошто тоа не го сторат кога ја насетија таа работа во РЕК како оди да им кажат, господин Мито Марковски ти си генерален директор, ајде со нас да го решиме проблемот, таму. Тие скришум одат, тој скришум оди. Тоа значи тука не чини работата, а не работниците не чинат.

И, што се случува понатаму? Не се успеа во тоа. Оди господинот Јован Андонов во Битола, држи трибина и, за среќа сега, не ја држи во РЕК трибината, каде што треба, кај работниците, и не во просториите на Собранието на општина Битола каде има убави сали, ќе се држи во кафеана долу. Случајно поминува претседателот на Собранието таму и му вели зошто овде држите, елајте држете во Собраниево. Се преместуваат, ја држат трибината во Собранието. И, една уште поголема забелешка, јас се чудам зошто членовите на Владата, без разлика на овие сега, и другите и подоцна, кога одат во Битола не контактираат со органите на локалната власт, со пратениците, туку се скришум одат, дојди во Шеќерана оди си, дојди во Рудникот оди си, дојди во ЗИК-от оди си, како да не постојат други

луѓе повикани органи на самоуправувањето и за овие. Зошто со пратениците да -не се контактира, зошто не се повикате со сите пратеници, дајте да видиме што е ситуацијата во РЕК, што е ситуацијата во Шеќераната, што е ситуацијата во ЗИК-от.

Според мене, значи, сакаме да ја исполниме онаа нашата, што го криеме и затоа секогаш одиме без вакви. Оној што е чесен, поштен, што го сака доброто на народот и на работниците тој не мора да се крие. Заедно со сите треба да настапува и со работниците и со пратениците и со локалната власт и само така се решаваат проблемите, а не едни дојди, други дојди.

И, понатаму, на таа трибина се повикани сите 50-60 инженери, а се оставаат работниците, три илјади Души да го раководат гигантот без раководни органи. Јас се прашувам,; ако тие не беа свесни за својата задача, за својот хуман однос кон оваа земја, тие можеа тогаш да го) парализираат системот. Не се инженерите тука, нема никој тука, не можеме ние да работиме. Кога ќе дојдат тие нека го пуштаат, нека работи. Но, тие не мислеа така како што мислеа овие, мислеа за доброто на народот и не го парализираа РЕК-от. Си работи се како понатаму, се исполнуваат задачите и има доволно струја.

На трибината се вели,"се собрале неколку хулигани и брадоши", а не вели дека таму две илјади и 700 души беа собрани. На два- три пати. А, пак, што е потрагично, јас го прашувам господинот да каже кои се тие "брадоњи" и "хулигани"? Да не мисли на членовите на Владата сите што се со брадоњи или мисли на работниците што работат таму деноноќно? Кои се тие брадоши? Еве ги брадоњите! (со раката покажува кон членовите на Владата). Тука седат. А, ако сака како него, измазнети, па дај тогаш да ги избричиме сите.

И, се рекламира таму, на тоа продолжува, кобајаги дека тој е најспособниот човек во Македонија, разбра, а не трите илјади души. А, јас се прашувам зошто, и дека тој стално бил првиот човек таму. А, по ова, констатирам дека тој бил вториот човек, наредбоизвршител на досегашните власти, а не на способноста на овој. Ако цени дека е така способен нека појдеше во "Битолатекс", нека појдеше во "Иднина", нека појдеше во Скопје во "Ѕвезда", во Млекарата во Скопје и други стопански објекти, а не дури има јаки инвестиции пред орган каде плаќа народот и странски инвестиции да се истрошат.

Јас имав уште неколку забелешки, дека за разврзот на РЕК, работниците се обратија не само до Владата и претседателот на Републиката, во исто време се држеше промоција на книги/ Академијата на науките и прославата на денот на жената. Ова сето беше второстепено за Владата и за претседателот на Републикаја. Промоцијата на една книшка од 50-60 страници со кој знае што е напишано внатре 6 светињa, таму одат, а по поканата на РЕК никој не се наоѓа таму да појде или пак да ги праша што е работата, таму да појде, а не на промоција, на прослава до жените да оди. Јас го оправдувам и едното и другото, но кој знае колку пати поважен факт беше да се учествува на преговорите на РЕК и со другите стопански организации отколку промоција на книга и во Академијата и други прослави.

Еве зошто, на кратко, не се криви работниците.

И сега, кога е средена сета таа работа, кога увидоа дека оди во ред, сега дај, со овој закон ќе извршиме таму инвазија со полиција, со коалисти, со ова, да ги натераме, ќе ги смениме толку три илјади души работници, ние ќе пуштиме. И, дури сега мене ми оди на памет една хумористична емисија, на нашите хумористи, ама не се сеќавам дали тоа беше на телевизијата или на кое беше на годишнината кога тие настапија со хуморот дека, оној

кога настапил: ќе го продадеме овој народ бе!-Како ќе го продадеме!-Што ќе правиме без народ? Ќе си увеземе, ! Како? Од Африка, послушен. Со овој наш народ овие раководители не можат да се расправаат, а со тој ќе можат да се расправаат и ќе можат да командуваат и ќе биде евтин и може ќе ни го поклонат без пари.

Види колкава политичка последица имало тоа ако ги следиш тие работи, како може сето да си го најде местото, своето право место тие хумористички емисии. Што се криело зад тоа.

Значи, ние сега, за два-три интереси овде треба да разрешиме три илјади души работници и да Се држи во оваа ваква работа. Затоа јас барав Владата да ги повлече овие два неуставни закони, да не прави од кусур вересија, затоа што е смирена ситуацијата, добра, како што е поставена да си тече и да не се гиба, да се бара само работа и да ги исполнуваат сите нормативни акти и производство на струја, а не повторно таму да разгориме оган и да не доведе до кат&строфа. Ако, се разбира, не е цел на Владата тоа. Треба вака да постапи. А, ако е цел да постапува онака, тогаш нека продолжи, па ќе му го видиме крајот.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Пред се, морам да истакнам дека воопшто не ми е јасно зошто на оваа седница баш денеска се инсистира за донесување на овој закон, токму по скратена постапка. Може би истиот ќе имаше извесно значеше ако беше до пред некој ден кога беа актуелни состојбите. Меѓутоа, денеска да се инсистира на овој закон, навистина не ми е јасно, од причини што ќе укажам на некои работи.

Во материјалот доставен! од Владата, во образложениeто стои дека уставен основ за донесување на овој' закон е членот 68, став 1, алинеја 2.

Таму е пропишано дека Собранието донесува закони и тоа е сето тоа. Се се сведува на тоа. Меѓутоа, бидејќи тука е регулирана една конкретна материја, а таа материја баш ги утврдува условите за штрајк, јас веднаш ќе потсетам на членот 38, во ставот 1 и 2 и ќе ги прочитам тука се гарантира правото на штрајк, став 1 и со закон можат да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата. Значи, една материја што се обидуваме денеска да ја протнеме со закон не е регулирана во Уставот.

Уставот начелно пропишува донесување на закон. Меѓутоа, конкретно кога ќе се сведе прашањето во Уставот кажува нешто друго. Изгледа имаме некој обичај редовно да го кршиме Уставот и донесуваме закони по одредени материи, 'односно по одредени потреби.

Малку ќе се задржам по однос на одредбите што се нудат пред овој Парламент.,

Се нудат три членови што укажуваат на тоа дека треба да се извршат одредени состојби во ова, јавно претпријатие. Така, се нуди измена во членот 3-а, со тоа што за работниците во јавни претпријатија што вршат производство, пренесување на електрична енергија, ка ко и производство и преработка на! јаглен, значи тука конкретно веќе се дефинира дека апсолутно се работи само за РЕК Битола може да го остварат правото на штрајк, значи условување што е спротивно на Уставот, под услов да не се доведуваат во опасност објектите од битно значење за стопанскиот развој, животот на граѓаните и извршување на меѓународни обврски. Ова е сосема беспотребна одредба од причина што е тоа прашање за кое секој нормален човек го подразбира дека тоа така не може да биде. Исто така е регулирано во низа закони од кривичната област ова прашање и истото е под некоја кривична одговорност. Ми се чини апсолутно непотребен член.

Друга измена, во членот 15-а се кажуваат ингеренции на работоводниот орган. Тие ингеренции и онака стојат. Апсолутно не ми е јасно што е потребата и тие да се наведуваат. Сигурно стојат во неколку прописи ингеренциите на работоводниот орган и што е должен тој се да презема. Меѓутоа, суштествено тука што се нуди пред овој Парламент, а исто така што пречи, можам слободно да кажам, на народното расположение што беше искажано со штрајкот во РЕК Битола, е тоа што Владата презема извесни ингеренции во смисла на тоа таа да именува вршители на должност, со тоа што Владата, јас воопшто не верувам дека со нејзините ингеренции може да промени состојби во смисла на тоа ако се случи она најлошото да се прекине електричната енергија дека Владата баш ќе може веднаш да ги исправи тие состој>би. Освен она што е докажано на неколку пати а е содржано ВО; членот 15-а, се однесува на одредбите од престанување на работен однос. Јас верувам дека оваа Влада е моќна да изврши одредени репресивни мерки што ги има на повеќе пати докажано. Сега, суштината на овие измени изгледа ќе се сведе на тоа, а во никој случај и во овој член 94-а во кој сака да изврши измена нема повторно да ги реши состој бите до колку истите како такви настанат.

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение)

Јас уште еднаш ќе ве потсетам како и што почнав навистина не ја разбирам актуелноста на овој закон истиот да се донесе по кратка постапка, инсистирањето овој закон да се донесе по скратена постапка. Зошто да не оди во редовна постапка. Јас ги разбирам состојбите, меѓутоа еве и утре ќе се случи штрајк, овој пат нека биде во Водовод во некоја општина. Истата ситуација ќе настане и Владата веројатно на овој начин ќе реагира,. Значи, се оди на парцијално решавање на проблеми наместо да се оди суштествено и комплексно' кон решавање на проблемите. Јас уште еднаш укажувам на непотребноста од донесување на ваков закон. Истиот да се донесе во редовна постапка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас слагам во редот на онаа група на пратеници која мисли дека треба да се донесе законот и дека треба ' да се донесе на денешната седница како што е предложено од Владата и како што одлучивме претходно со гласањето, од причина што ценам дека законот не е ниту многу сложен, ниту многу обемен и дека можеме денес да го донесе^е. Во сопствените измени се предлага со само три членови за кои не треба премногу размислување во редовната постапка за да се оцени дали треба или не треба да се поддржи за да се донесе. Ние во Уставот зацртавме дека во Република Македонија постои право на штрајк, имаме и Закон за штрајк со кој се регулира штрајкот и скакам да потсетам од оваа говорница дека со овој закон не се укинува правото на штрајк, во организациите кои се бават со производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, туку тоа се ограничува што е битна квалитативна разлика од она што се изнесе дека со ова се укинува правото на штрајк. Значи со ова не се укинува правото на штрајк и тоа децидно стои дека за

време на штрајкот, значи штрајкот е дозволен односно во случај на штрајк се јавуваат некои должности за вработените во овие јавни претпријатија и мислам дека тоа треба да се уреди. Овој пат се работи за Законот за енергетика и ќе се однесува во суштина за едно претпријатие, јавното претпријатие за производство, пренос и дистрибуција, меѓутоа ние треба отворено тука да разговараме и да се запрашаме за целиот пакет на јавни претпријатија и за правото на штрајк во јавните претпријатија од аспект на неговото ограничување. Зошто зборувам? Затоа што мора да се знае во јавните претпријатија како ќе се остварува правото на штрајк и што е тоа различно што го двои јавното претпријатие од обичното претпријатие и поради тоа што е јавно да се види штрајкот како во тоа јавно претпријатие треба да се оствруva и да се уредат нови правила што со овој закон се уредува во еден дел :'од јавните претпријатија.

Исто така со овој закон мислам дека се одредува и бариерата и тоа го поддржувам до каде може да се острвува правото на штрајк во овие претпријатија. Доколку не го донесеме овој закон тогаш останува отворена законската можност во Република Македонија правото на штрајк во овие претпријатија да биде во апсолутна смисла право на штрајк што значи запирање на сите функции на претпријатието вклучувајќи го и производството. Тогаш мора и мие отворено да се запрашаме како одговорен орган на оваа држава дали имаме мандат да носиме нормативни акти кои мижат да предизвикуваат и понатаму нарушуваше на животот во Републиката во целина како што е случај со овој закон. Затоа сметам дека во правото на штрајк во овие претпријатија мора да водиме сметка што е и во законот зацртано дека основната функција на тие претпријатија дека мора да се обавува за време на штрајк. Впрочем тоа е и причината зошто некои од тие претпријатија се јавни. и зашто тука се ограничува правото на

штрајк. Исто така сметам дека тоа треба да се прошири и на други јавни претпријатија и тоа е она што ги двои. Никој не зборува за правото на штрајк во производство на конфекција. Тој може да се одвива по сите критериуми затоа што никој не е погоден од евентуално прекинување на производството, директно и долгорочно, меѓутоа прекинувањето на производството во организации за производство, пренос и дистрибуција има сериозни последици не само кон стопанството не само по населението, домаќинството, туку воопшто по државата и по целото општество во Република Македонија. И токму затоа сметам дека едно организирано општество во кое спаѓа и Република Македонија државата мора да води сметка за виталните функции на тоа општество. Вие сигурно ќе се согласите дека елементарните облици на живот на оваа планета имаат исто некои свои правила. Па не може човековото општество да нема никакви правила за својот опстанок кога ќе се доведе во прашање острвувањето на функциите особено од аспект на тоа дека струјата, енергијата која е предмет на обработка на овој закон е она без што не се може веќе во нашето општество како и во целиот свет. Тоа станува особена потреба.

Сакам исто така да го истакнам и фактот поради самото значење на енергијата и особено на електричната енергија дека ние не можеме да се доведеме во ситуација каде што цела Република Македонија ќе биде заложник или заточеник на неколку кои одлучуваат за евентуално право на штрајк, без разлика дали со тоа еден два или илјада, две илјади или три илјади и со својата одлука да доведат во прашање интерес на два милиона и сто илјади жители затоа што за тоа треба да се донесат одредби кои ќе го граничат. Напротив, верувам дека интересот и на самите вработени во овие организации од областа на енергетиката кои сега ни праќаат телеграми и вршат притисок врз нас, а тоа се употребува и од тука од говорницата за

вршење на притисок. Напротив, мислам дека токму и нивниот интерес е нивното право на штрајк да биде онакво како што се предлага во овој закон. Зошто го сметам тоа? Затоа што тие можат по истата логика да останат во оној момент кога тие не решиле да штрајкуваат во застој затоа што некој друг може да реши да прекине комуникации, вода , транспорт и т.н. Така да и нивните интереси сигурно не се такви. Денеска тие ќе бидат оние кои ќе го отсечат целото стопанство, утре некој друг за кој сме се договориле дека е од јавен интерес ќе се договори да го отсече целото стопанство, така да кога ќе го вид име заедничкиот интерес и тие самите имаат интерес да се ограничи тоа право на штрајк во некои од јавните претпријатија.

Исто така сметам дека поводот е мошне! добар овој закон да се донесе и мислам дека Владата треба да ги прифати оние сугестии кои кажуваат дека во рамки на Уставот, во согласност со Законот за штрајк да се види и во кој други закони освен Законот за енергетиката треба да се продуцира соодветна регулатива. Затоа што нашето својство треба да биде да учиме на грешките. Ние овој пат увидовме една опасност Македонија да влезе во ситуација на исклучување од напојување со електрична енергија и мислам дека таа грешка треба да ја употребиме продуктивно да преземеме мерки тоа да не може да се случи во едно организирано општество и да видиме што понатаму. Доколку не учиме на грешките тоа би било повторно наша грешка.

Имајќи го превид вториот или третиот член од законот мислам дека е мошне добро да се размислува по повод ограничувањето на правото на штрајк, се случи да ние во еден објект, дел од јавно претпријатие и секако од јавен интерес да се преземе управувањето наместо од работоводните органи или од органите на управување, да се преземе управување во едно претпријатие од штрајкувачки одбор што е сосема нелегитимно. Со тоа се

доведовме сите во позиција не како електростопанство или како парламент, се доведува Републикава Македонија во еден интересен процес дека со одредени објекти за кои е со закон утврдено дека се од јавен интерес и дека претставуваат јавни претпријатија може да управува оној кој така ќе одлучи и ние практично сите бевме заложници исто така на одредени штрајкувачи кои ја превземаат контролата над објектот. За да не се случи тоа и во други случаи исто така сметам дека е издржано да се донесе овој закон. Во спротивно мислам дека ние, повторно ќе има опасност да се вратиме на една одамна изживеана парола која гласеше, "сета власт на совјетите".

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, апсолутно некаква намера немав денеска да зборувам по ова прашаше, овие две точки кои што се поставени на дневен ред, меѓутоа слушајќи ги дискусиите сакам нешто да кажам и тоа да речам нешто околу важноста на ова што се предлага. Ми се чини дека ние не сме подготвени да сфатиме што е тоа или не сакаме. Јас мислам дека не сакаме, тргнувајќи од одредени интереси, да речам политички, маркетиншки итн. Во овој момент во пратеничките клупи седат еден дел стопанственици, ј директори, овие наши седници ги следат сигурно работници од цела Македонија и надвор од Македонија и ние мора да разграничиме две важни работи.

Сигурно е дека вработените во РЕК Битола вложиле голем труд за извршување на своите планови и сигурно е дека имаат право на штрајк, имаат право на задоволување на своите лични потреби за поголем личен доход, за поголема плата, за поголема вредност на бодот итн. но исто така јас сум сигурен и Вие сте сигурни сигурно, секако дека и други вработени во

други области од нашето живеење во стопанството и во нестопанските дејности сигурно имаат право на подобар живот, имаат право на поголеми плати и тоа се ќе зависи од нивото на постигнување на своите производно прометни планови. Во ова беда, во оваа мизерија, кога капацитетите се користат со х посто и на едно прашање до еден наш висок функционер колку РЕК Битола ги задоволува потребите од електроенергија, тој потврди дека е тоа некаде околу 80%, чинам дека е тоа точно . Дали знаеме колкави се потребите на Република Македонија од електроенергија ако работат капацитетите како пред три четири, пет години односно пред 11 години кога имавме перфектно производство. Ако е тоа така и ако направиме една пресметка на потребите од електроенергија во тие поранешни услови тоа значи да имаме "електроенергетски биланс на потребите од електроенергија, тогаш немајќи увоз порано од термоелектраните од Србија итн. сигурно би се свртеле кон Бугарија или кон Албанија или условно земено со ова производство на електроенергија би дошло до 1 распад ан целиот електроенергетски систем, би дошло до исклучување на сите поголеми потрошувачи на електроенергија, би биле сигурно не задоволни многу многу вработени, не само РЕК Битола, туку најмалку 80% незадоволни во цела Македонија, би немале личен доход, би немале плати итн. и што би направиле тогаш. Тоа значи, производството на електроенергија и производството да речеме на Комуна каде јас работам хартија и амбалажа не е исто. Може без производство на амбалажа, ќе најдеме соодветно пакување и т.н. или ќе увеземе, без електроенергија не може. Има голем општествен интерес. Ако тоа го разбереме, а јас чинам дека го разбираме тоа тогаш мора да замислиме што сето тоа значи да се избркаат 23 директори од РЕК Битола, дистрибуцијата на електроенергијата да ја изврши овој штрајкувачки одбор. Каде се чуло тоа? Сте чуле ли во

некоја земја господо пратеници. Јас немам слушнато, можеби вие знаете. Мислам дека ние паѓаме на испит и јас се обраќам до вработените во РЕК Битола. Јас ги разбирам нивните потреби, мислам дека сите ги разбираме нивните потреби извршиле план итн., меѓутоа ние сме во една абнормална ситуација како Македонија и не би смеело да се дојде до таква ситуација да ни се смеат и соседите , а и пошироко да пренос на електроенергија односно дистрибуција врши некој си штрајкувачки одбор и да се постапи така како што е постапено.

Јас не мислам да вршам никаква пропаганда, меѓутоа сигурно дека ние погрешивме и во Уставот зошто не кажавме дека вработените односно народот на Македонија, се мисли работниците имаат право на штрајк. Можевме да кажеме изземање, кој се иземува. од тоа. Изземање заради општи општествени потреби електроенергетскиот систем, поштата, армијата, полицијата и уште што да се наведе таму да се знае дека тие се под специфични услови, тие се апсолутно потребни на државата за опстанок на државата и заради тоа треба нашата Уставна комисија, нашата Влада што побрзо да го реши тоа, а не само прашањето на електроенергетскиот систем односно на РЕК Битола и други што произлегуваат струја или на некои други јавни претпријатија. Тоа значи овде работи мора да се разграничат.

Еден апел до сите вас колеги пратеници, целата држава нас не критикува дека не ги носиме законите, системските закони, па како може да донесеме системски закони како можеме да бидеме поефикасни ние овде во парламентот ако правиме блокади. Ние сами не правиме блокади да не можеме да работиме. Оваа работа, ако се е осознаено и определено заради целта на донесување на овие измени во законот,ако е тоа во ред, ние можеме тоа за многу кратко време да го направиме и да појдеме кон донесување на другите закони од кои г што зависи понатамошното живеење и заокружување на законодавната дејност на Република Македонија, како

законодавно тело единствено и највисоко, а ние тоа го забораваме, се фаќаме сигурно ќе се фатиме за оние последни две три точки и ќе расправаме со денови. Да, и тоа треба да се расправа, меѓутоа ова што е како закон мислам дека треба да помине,а тоа ќе биде од корист на сите вработени во Република Македонија. Не се во прашање оние две илјади и седмото или оние три илјади работници во РЕК Битола, тие имаат право, имаат право на поголема плата, меѓутоа целиот народ, сите работници во Македонија имаат право на подобар живот , а се знае дека сме опкружени не можат да се користат капацитетите, немаме пазар, немаме ова, немаме она тоа се многу познати работи и заради тоа ќе мроа итие малку да се стрпат ете добро е што таму малку е зголемен личниот доход и сигурно ќе останат сите други работни организации во својата цена тие ќе вкалкулираат други трошкови за електро енергијата односно за нејзината вредност тоа е импутирање на оние трошкови кои што треба да ги покријат од својот труд, но, што е тоа е, ќе се помири со судбината затоа ве молам може ли да не дојде до блокади и да одиме понатаму, да се одлепиме од оваа материја.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што немав намера да дискутирам очекував дека парламентот поради состојбите кои што се во земјава навистина едногласно ќе ја прифати оваа иницијатива од Владата и овој закон ќе се донесе без многу поголеми и пожестоки расправи и кавга позната на јавноста што може да ја започне овој Парламент. Меѓутоа, станав се со цел да дадам поддршка на иницијативата од Владата сметајќи дека овој закон е неопходно да се донесе, а исто така ќе напомнам дека веќе две години овој Парламент каков таков функционира, две години се залагаме за донесување на соодветни закони кои што ќе бидат во функција

на заживување на стопанството, две години се залагаме односно се бориме односно се ангажираме на надворешен план за признавање на Република Македонија, меѓутоа исто така две години стопанството живее во услови познати на сите нас грото наметнати од надвор, а со последниве активности кои што се превземаат во поедини јавни или државни претпријатија, а и претпријатија од посебен општествен интерес се сака и хаосот од натре. Од таму мислам оти секоја расправа која ќе води кон создавање на услови за делување на желбата и волјата и ангажирањето на поединци, наметнувањето на нивните ставови, нанесувањето хаос и расуло во општеството, загрозувањето на личниот интегритет на сигурноста и на социјалната сигурност на граѓаните мислам оти овој парламент, бар овој парламент и Владата мораат да најдат начин и решени кој што во никој случај не значи загрозување на правата , загрозување на слободите на граѓанинот.

Се наметнува едно прашање кое еве тука на Парламентот е евидентно. Партиите кои што влегоа како поборници за демократизација, за политичка конкуренција, за пазарна економија сега овде наметнуваат и се залагаат за враќаше на самоуправувањето, за желбата на поединци и т.н. Мислам оти тоа време веќе е надмината и јас исто така жалам што еве доцниме, споро оди со донесувањето на законот за преструктуирање, меѓутоа назад ова општество не може да оди. Во секој случај доминантен мора да биде оној кој што е носител на капиталот и неговите прсти, неговите гласови мора да бидат одлучувачки како со тој капитал ќе се раководи и како тој ќе функционира. Во секој случај мислам оти она што беше присутно во повеќе јавни претпријатија не само во РЕК Битола, јас ќе го кажам своето мислење заради тоа какво е, мислам дека е време веќе да се надмине и тие авантури кои што беа допуштени дури и од спороста на

Владата мислам дека се недопусливи. Веќе е во прашање и трпението на граѓаните затоа што очигледно е едно. Во услови кога со тешки маки остваруваме и онакво производство какво што остваруваме да допринесеме со еден штрајк на железницата да не можеме да се обезбедиме со неопходни суровини за производство, да придонесеме да го намалуваме производството на електричната енергија која во случај на прекин, овде има многу луѓе кои што знаат дека рестартувањето на било каков термо блок е многу тешка работа односно бара време, а тоа многу процеси од стопанството не го дозволуваат и ќе имаат катастрофални последици, мислам дека е време со соодветен закон и со соодветни мерки исто така да се спречи.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ**: (продолжение)

... а тоа во секој случај не значи, како што е речено и во законот, може да има последици по она што значи барање на соодветни права на вработените и обезбедување на соодветни услови за нивно нормално работење. Ние мора да се залагаме за максимално искористување на внатрешните резерви односно на капацитетите кои ги имаме пред се за надминување на ситуацијата во која се наоѓаме. Наша основна девиза мора да биде со средствата со кои располагаме, со тие капацитети со кои што можеме да обезбедиме колку толку основна егзистенција на граѓаните, па и во поширока смисла мислам дека треба максимално да функционираат. Тука нема потреба да дискутираме за некаков консензус. Секоја дискусија што води вон овие норми сметам дека е неприлична за овој парламент.

Да се вратам на она што се случуваше и зошто се залагам овој закон да се донесе и тоа по итна постапка.

Мислам дека овој закон не е проблематичен.

Второ, мислам дека имаме искуство и со овие капацитети.

Сметам дека резултатите што во последните години РЕК Битола ги постигнува се за секоја пофалба. Меѓутоа, исто така имајќи предвид дека државата располага со повеќе такви капацитети исто така треба да направиме анализа дали работниците ги исполнуваат барањата и нормативите од нив. Дали имаме некои агрегати кои што работат дури со 65 до 70%. Ние треба тоа прашање да го поставиме. Дали е допусливо во овие услови така да се работи. Исто така треба да ја видиме улогата на државата која што значи сигурно нормативно регулирање на односите внатре во овие сегменти. Тука, сигурно од аспект на планирањето на енергијата, стимулациите во енергијата за нејзино ноќно трошење, затоа што ние доаѓаме во ситуација дури преку летото да исклучуваме некои агрегати затоа што не сакаме да стимулираме дел од стопанството и

граѓанството енергијата да ја троши во ноќниот период и да му ја дадеме двапати поевтина, а допуштаме да кажеме дека не работи и мора да биде три четири месеци ремонт, било РЕК Битола, или РЕК Осломеј итн. Мислам дека навистина треба да се создадат услови и за тоа да разговараме. Таму се резервите и треба што повеќе да направиме што помалку увезуваме енергија од надвор и енергетски бидеме независни. Со воведување на одредени тарифни ставови мислам дека и до тоа може да се дојде. Не е Македонија многу сиромашна за енергија и со овие капацитети сега што ги користи, енергијата со која сега располага е доволно, меѓутоа треба да се користат односно да бидат во максимална функција капацитетите. Некој спомна имиња, јас не сакам да спомнувам имиња, меѓутоа за секое име треба да се спомнат резултати.

Ние знаеме каква беше ситуацијата во РЕК Битола. Во РЕК Битола драги пратеници падна филтерот, РЕК Битола работеше со 70-80%, а РЕК Битола денес работи вака. Секоја чест на вработените во Битола меѓутоа одговорноста мора да се сведе на оние субјекти кои што работат со тој капацитет. Ние во тие времиња имавме многу промени во раководниот кадар и резултатите изостанаа. Некои луѓе што во тоа време беа поставени постигнаа врвни резултати. Дали сега треба по тие луѓе да фрламе дрва и камења и да наметнуваме дека со овој закон некој сака да се наметне таму за директор. Не станав да го бранам потпретседателот на Владата, меѓутоа факт е дека како принуден орган постигна резултати. Исто така, и досегашниот директор во РЕК Битола имаа извонредни резултати, иако по овие услови во кои што работи е обичен извршител затоа што се знае каде се носат сите акти односно на нивно на електростопанството и тој работнички совет кој што е сега ако погледаме малку подлабоко се видиме во кои услови функционира.

Мислам дека, што значи нормално снабдување со енергија, што значи нормално функционирање на организации кои што се од витален интерес на функционирање на државата сметам дека не треба воопшто да објаснува. Ако тргнеме со таа предомисла мислам дека нема никакви резерви во смисла на донесување на овој закон по итна постапка . Јас дури мислам дека она што се случи досега исто така треба некому да е на душа, затоа што не само во РЕК Битола, ние имаме повеќе штрајкови во јавни претпријатија кои што нанесоа огромни штети. Тие беа наметнати од поединци или групи. Далеку од тоа да речеме дека во РЕК Битола сите вработени се против обезбедувањето на граѓанството и на Републиката со електрична енергија. Резултатите на тие луѓе и на тие вработени се видливи. Мислам дека таму и овие наградувања се сигурно, никогаш, во вакви услови не е доста, меѓутоа она што го слушаме во јавноста се движи меѓу најнаградените вработени во Републиката. И таа енергија има своја цена и ако ја споредиме со останатите во светот, ако споредиме во услови она што значи права споредба ќе видиме дека и ние немаме многу евтина енергија во Република Македонија. Меѓутоа, за тоа во некоја друга прилика.

Исто така мислам дека време е веќе и кога размислуваме и како политички пратеници за оние сегменти кои што се навистина од гол опстанок на граѓанството треба да престанеме да ги политизираме вработените, да ги политизираме граѓаните , да ги носиме во правец кој што значи сам против себе и да не ги сечеме гранките на кои што сите седиме.

**ПЕТАР ЃЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство утврдувајќи ја потребата за донесување на закон уште во почетокот не го прифати образложението на Владата во делот на причините за кои што треба да се донесе закон. Посебно тоа што самиот закон е непосредно поврзан во делот на причините за донесување со настаните кои што ги имаше во РЕК Битола.

Комисијата за стопанство смета дека основни причини за донесување на овој закон можат да бидат само неуредените услови и начинот за водење на штрајк во претпријатијата кои што имаат јавен или општ интерес. Оттука можеби и обврската на Владата беше да под- несе предлог за дополнување на законот за сите јавни претпријатија во пакет пред Собранието, а со самото тоа на одреден начин ќе се отргнеа сите и досегашни расправи што одат во правец на тоа дека законот се донесува и непосредно е сврзан во делот на измените односно дополнувањата само со настаните што беа со штрајкот во РЕК Битола. Со тоа на одреден начин ќе се пристапеше кон измена на одредбите кои што ги имаме сега како превземени во делот на спроведувањето на сојузниот закон за штрајк, а кои што низ законите за сите дејности требаше да претрпат измени.

Сегашната измена односно интервенција е само повод за забрзување и донесување на тие останати закони во сите дејности што имаат јавен односно општ интерес. Променети се условите во кои што делуваат сега тие дејности и затоа сметаме дека треба и условите за спроведување на штрајкот да бидат посебно конкретно и дефинирани. Сега се наоѓаме во услови кога изградуваме наш посебен и економски, па и политички систем и сигурно она што не можеме ние да го исклучиме, да ги исклучиме настаните во Битола, да не донесуваме закони само за одредени случаи, туку да донесуваме закони - кои што ќе бидат во функција на вкупниот наш економски и политички систем.

Посебно сакам да истакнам дека работниците, вработените во јавните претпријатија имаат права и обврски што на одреден начин се разликуваат од правата и обврските на работниците во останатите претпријатија. Правото на штрајк не може да се забрани, но мора да се прецизираат условите и начинот на водењето на тој штрајк посебно кога на одреден начин е загрозен јавниот интерес за дејностите, за кои посебно расправаме, законот за енергетика, а сигурно треба да се расправа и за останатите закони кои што треба да се изменат во овој правец.

Промените што се нудат на законот не смеат да се поврзуваат со штрајкот на работниците во јавното претпријатие електростопанство на Македонија, како што стои во причините, а законот мора да обезбеди прецизирање на водењето на самиот штрајк , како вработените во тие јавни претпријатија во одредени услови не се ставаат во функција на одреден начин да во отсуство на законска регулатива постапуваат како што на одреден начин се постапи во делот на спроведувањето на штрајкот во РЕК Битола.

Лично сметам дека начинот и постапката, како под итно се предлага да се донесе овој закон не оди во прилог на смирување на состојбите во јавното претпријатие електростопанство на Македонија, бидејќи сега се надминати тие состојби, а самиот закон посебно во член 94-а јасно упатува на тоа дека сите овие одредби се применуваат само во услови на штрајк сметам дека со донесувањето на овој закон не би требало сега да има друга реакција, односно контра реакција која што би значела дека во овие услови сега на наше законодавно уредување на односите имаме и состојби во кои што ќе се докажуваме и на одреден начин преку законската регулатива ќе ги истакнуваме своите интереси, а посебно што се совпадна

донесувањето на овој закон со предлогот на овој закон од страна на Владата со настаните од РЕК Битола, а уште повеќе што се бараше тој да се донесе итно. Па, ако поопстојно се погледа член 94-а сигурно дека загриженоста на оние за кои што се однесува овој закон е нормална и сигурно дека реакцијата што доаѓа од страна е нормална. Ако во јавните претпријатија за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија производството и преработката на јаглен работоводниот орган не го обезбеди спроведувањето на мерките на член 2 од овој Закон, Владата може, значи конкретни мерки има, да го разреши и именува вршител на должноста работоводен орган додека трае штрајкот, како и да преземе други мерки за обезбедување на потребно производство на електрична енергија и јаглен.

Овие одредби сигурно упатуваат на тоа дека на овој начин итноста како се бараше околу тој период, додека траеше штрајкот, да се донесеше овој закон сигурно дека реакциите ќе беа сосема поинакви и сигурно дека ние можевме да очекуваме и други состојби кои што на одреден начин веќе беа и на повидок.

Не може да нема одговор на состојбата кога штрајкачкиот одбор ја превзема сета одговорност за снабдување на електрична енергија на РМ. Ова е тоа што дефинира во кои услови и на кој начин може да се води само штрајкот и мора да се даде одговор на прашањето кога беше веќе поставено прашањето на одреден начин од страна на штрајкачкиот одбор во кои услови тој делуваше. Јас велам добро е што не се случи тоа што можеше да се случи. Можеше сосема случајно да настане нешто па на одреден начин да се поврзе токму со таа одредба која што на одреден начин како посебно своја обврска, како посебно одговорност ја превзема штрајкачкиот одбор. Оттука сметам дека би требало да се донесе законот и на одреден начин да се уредат тие односи посебно во делот на

претпријатијата кои што имаат јавен интерес.

На крајот ќе завршам со тоа што на одреден начин не треба по донесувањето на овој закон воопшто да се има било какво сомневање дека законот е практично поврзан со РЕК Битола и дека од самиот закон ќе се извлекуваат одредени мерки што на одреден начин ќе има одредени последици со штрајкот кој што денеска веќе не е сигурно ако се постапи по член 94-а сметам дека таква загриженост и таква реакција не би требало да има во рамките на РЕК Битола затоа што самиот закон не е насочен кон претпријатието;електростопанство а посебно кон РЕК Битола.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На почеток сакам да протестирам во врска со претседавањето на седницата затоа што не беше испочитуван деловникот во смисла Собранието претходно да се изјасни за постапката на скратувањето на роковите на точките што се на дневен ред и затоа сосема оправдано беше реагирањето и на пратеникот Мицевски во врска со тоа што Собранието не се изјасни не одлучи претходно за скратување на роковите за донесување на овие закони.

Меѓутоа бидејќи се на дневен ред, имав намера и сакав да кажам во врска со овие закони.

Поднесените закони за дополнување на законот за енергетика и на Законот за претпријатијата во вид на предлог на закони ги подразбирам како мерки со единствена цел наметнати поради штрајкови на работниците во јавното претпријатие електростопанство на Македонија погон РЕК Битола- Битола. Од тие причини за донесувањето на законот Владата сосема јасно го напишала. Меѓутоа бидејќи овие, два закона се еден со друг поврзани можеби во општиот претрес па текстот на; предлогот на законите моето излагање би можело...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема Предлог на закони, ние имаме една точка сега. Таа ја расправаме. Имаме предлог за донесување на закон. Само по тоа по вториот закон после.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа можеби моето излагање по предложените закони ќе се смета како расправа истовремено.

Ја разбирам загриженоста на Владата за состојбите со производството, преносот и дистрибуцијата на електричната енергија и со производството и преработката на јагленот, како и загриженоста на Владата од опасностите по објектите што се од битно знаење за стопанскиот развој, животот на граѓаните и извршувањето на меѓународните обврски во услови на штрајк на работниците во овие објекти. Лично не верувам дека макар и еден пратеник не ја дели таквата загриженост, пред се во системите кои се во функција и го обезбедуваат и опслужуваат целото стопанство и нестопанство. Меѓутоа не можам да дадам согласност на оние проекти од Владата кога немоќна е да ги извршува своите надлежности Парламентот го употребува како алиби, покритие за мерки кои што сака да ги преземе и да ги наметне како однос во практиката за да евентуално превземените тековни мерки ги оправда пред јавноста со овластувањата што со закон и ги пренел Парламентот. Во смисла ние не би, но законот кој го донесе Парламентот ни дава такво овластување.

Ја разбирам и загриженоста на дел од пратениците кои што се во коалицијата што стои зад актуелната Влада во изјавата дека дали штрајкувачкиот одбор има право да си го присвојува објектот во кој општеството финансирало над милијарда и 300 милиони долари. Меѓутоа, таквата практика на присвојување на туѓо ја започна токму. СКМ - ПДП кога си ја присвои зградата на ЦК-СКМ и целиот имот на Сојузот на комунистите

на Македонија. Таквата практика ја започнаа токму најподобните комунисти кои со благослов на СКМ како морално политички подобни, нормално не сите станаа директори и до вчера промовираа комунизам за да сега стануваат најголеми капиталисти преку интерните акции и за мене најголемиот грабеж во историјата на Македонија, грабежот на општествениот капитал.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение).

За мене тоа ќе биде грабеж и покрај законското покритие на актуелниот закон за општествениот капитал. Оваа Влада со истиот министер не успеа да понуди закон за трансформација на општествениот капитал, не понуди закон за претпријатија за да се спречи тој грабеж. Ситуацијата се прати, се усвојува капиталот, се стекнуваат материјални позиции во државата како основа за нова политичка диференцијација и обезбедување заедно со економската и политичка моќ за наредните избори. За мене е сосема разбирливо дека не би требало воопшто да се одбегнува најактуелното прашање и преку актуелните штрајкови во стопанството и нестопанството, дека политичката борба е пренесена во претпријатијата подеднакво од сите политички партии. Затоа 'не треба да не чуди фактот што и работниците по истата логика тргнаа да го освојуваат општествениот капитал и бараат заштита на нивните права според нивните интереси, според нивната логика. Изгледа се е добро се до моментот кога некои мислат и се залагаат синдикатите на работниците да бидат нивни природни сојузници, а кога ќе излезат на штрајк за нивни права, така тие сметаат да им се лепат етикети дека се подбуцнати, организирани од други политички партии и субјекти. Значи работникот мора да се храни со информации дека е природно поврзан и така мора да биде и никако поинаку со актуелната власт, дека тој мора да биде со актуелната власт, а кога ќе организира штрајк против таа иста актуелна власт, тогаш тој е изманипулиран, дезинформиран и организиран од партиите што не се во коалиција со актуелната власт, дека тоа е популизам, фашизам, расизам и што ли уште не. Сепак тоа во современиот свет се вика демагогија колку и да не се бираат средства како да се освои и задржи власта. Предложените, конкретно и овој закон и наредниот сметам дека се неприфатливи и не би требало Собранието да ги усвои заради следното. Владата до сега не

понуди целосни законски решенија за регулирање на односите во областа на претпријатијата, јавните установи, штрајкот, основите на системот на сопственоста и дефинирањето на сопственичките односи, статусот на општествениот капитал, работните односи и регистрацијата на правните субјекти во надлежните судови. Во такви услови е неприфатливо нецелосно, парцијално и паушално регулирање на односите за начинот на управувањето со јавните претпријатија, штрајкот и статусните овластувања на работоводните органи во услови на штрајк со предложени закони, конкретно со Законот за енергетика. Предложените закони се засновани на при^ини кои за мене лично се спротивни и не се во согласност со Уставот на Македонија, се базираат на одредби од закони кои во рокот утврден со уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија до 17 ноември минатата година не се усогласени со Уставот на Македонија и се засновани на категории кои се во спротивност со Уставот, односно не се уставни категории како што е категоријата посебен општествен интерес. Законот за енергетика за мене исто така не е во согласност со Уставот, со уставно загарантираното право на штрајк на работниците, затоа што уставотворците и ден денес седат во оваа актуелна влада. Меѓутоа, тоа не значи дека сум против генералното решавање и уредувањето на односите на штрајкот во сите области на општествениот живот. Такви состојби имавме и во Железницата, здравството, јавните комунални претпријатија, Макпетрол и правниот промет со општествениот капитал се вршат најразлични малверзации, општествениот имот се отуѓува, продава, се вршат пререгистрации јавните претпријатија се регистрираат во општествени за да полесно се приватизираат, монополите се регистрираат во акционерски друштва. Тука доаѓа во предвид и Топлификација, разните

комунални претпријатија кои се регистрираат во акционерски друштва и за сето тоа Владата до ден денес воопшто не реагираше на најсоодветен начин. Што ќе подведеме под поимот ревизија кога ќе го донесеме и ако го донесеме во овој состав законот за општествениот капитал, дали со полиција ќе го штитиме правото на сопственост на новите сопственици кои тоа станале со оваа хаотична за мене неприфатлива "трансформација". Меѓутоа, се се враќа и се ќе се наплати. Бумерангот на оваа анархија во стопанството ќе го почувствуваат сите граѓани, но одговорноста за мене ќе биде само на оваа владејачка структура, зошто класно социјалното раслојување откога сметките и пресметките на новите пререгистрации ќе завршат ќе пукне како атомска бомба и тоа треба сериозно да не подзамисли. Приватизација да, меѓутоа со одреден ред и поредок утврден во Законот. Ние кога имавме седница пред некој ден амандманите на Законот за стандардизација беа отфрлени со образложение, затоа што Собранието треба да си ја усогласи законската регулатива со актуелниот закон за измени и дополнувања на Законот за прекршоците. Од каде сега испадна дека тоа правило конкретно за овој закон во материјалните одредби треба да не биде испочитувано. А што се однесува до електричната енергија можеби Владата и во својата макроекономска програма треба да поразмисли стратешки за Републиката, дали не е поевтино и попрофитабилно електричната енергија да се извезува за сметка на големите потрошувачи за да може од профитот кој ќе се остварува од извезената електрична енергија да се финансира мало стопанство, мали претпријатија и фабрики што ќе ги апсорбираат сите вработени во овие т.н. големи потрошувачи.

На крајот, уште еднаш сум против предложениот закон што е сега на дневен ред и наредниот

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, и настаните, а и темата очигледно се многу опипливи за политички маркетинг, за промоции и би рекол и за предизборни кампањи пред толкав голем круг на работници во РЕК Битола и пошироко во јавноста. Веднаш би сакал да кажам дека донесување на нов закон за претпријатија, закон за приватизацијата, нов закон за енергетиката нема поидеално решение од било што денес се предлага, или нов закон за штрајковите. Неспорно е и тој предлог во целост го поддржувам. Меѓутоа, очигледно целата таа регулатива во еден долг период е присутна во подготовките, а во меѓувреме се случуваат настани во целокупниот општествен живот нерегулирани и кои што има опасност да се претворат во анархично однесуваше и кои што би ги обезвредниле и оние вредности и квалитети кои што се постигнуваат во Републиката. Според тоа, овде не се поставува дилема, или прашање по мое мислење дали е подобро да се донесе нов закон за претпријатие, нов закон за енергетика, нов закон за штрајк, или закон за приватизација од една страна и друго вакви парцијални решенија кои што се нудат за решавање на конкретниот проблем. Претпоставувам дека таа дилема кај никој друг не се поставува. Меѓутоа, во услови кога ги немаме тие нови системски закони, а пак сме притиснати од многу сложени ситуации во Републиката кои не се регулирани и во кои односи никој всушност ниту ги знае,ниту ги почитува правилата на игра. Не мислам само на работниците, туку и од раководните структури во самите претпријатија. И очигледно на Владата требаше да и догори до ноктите, па да ги предложи овие измени, бидејќи "Центро" не беше повод за ова, Млекарката не беше повод за вакви предлози, туку требаше Републиката да биде загрозена во целост па да се направат вакви интервенции, бидејќи и во една и во друга и во трета фирма исто така

Штрајкувачкиот одбор ја презеде власта во самите претпријатија што е чиста спротивност со основните принципи на организирање на штрајк во едно претпријатие. Бидејќи за да добро ја разбереме материјата очигледно за јавноста тоа повеќе треба, а и во досегашната дискусија со некои оценки не би се сложил. Мислам дека треба да се потсетиме на некои одредби од самите закони. Поготово ме изненадуваат реакциите од самиот синдикат, бидејќи ако некои законски текстови беа предмет на расправа и во синдикатот и меѓу работниците тоа беше Законот за штрајкот и Законот за претпријатијата. Тие решенија кои што се прифатија оберучки и од синдикатот и од самите работници всушност сега со овие измени кои што се предлагаат и во Законот за енергетика и во Законот за претпријатието всушност се само одредби на операционализација на веќе усвоени решенија во овие два закона. Нема ниедна одредба во овие измени што се предлагаат што се новина во однос на законските решенија во законот за претпријатие, или во Законот за штрајкот. Каде се недоразбирањата? Недоразбирањата се прво, во однос на третманот на штрајкот. Не случајно во член 1 на Законот за штрајк јасно и гласно е кажано дека штрајкот е организиран прекин на работа на работниците заради остварување на економски и социјални права и интереси по основ на трудот. Само за економски и социјални права. Значи, штрајкот не може да биде во функција на осамостојување, разбивање на една одредена организациона целина во претпријатијата, штрајкот не може да биде основа за рушење на раководството, на избраните органи не само директор, туку и избраните органи на управување во самите претпријатија, а најмалку може штрајкувачки одбор да супституира органот на управување во самото претпријатие. Велам требаше да догори до нокти со РЕК Битола, па да се

интервенира со вакви измени, бидејќи во практиката пред Собранието имаме многу такви штрајкови кои што исто така штрајкувачките одбори ги узурпираа правата на органите на управувањето и во одредени периоди всушност ја супституираа власта, одлучувањето во самите претпријатија. Според тоа, нелегални се сите штрајкови кои што се насочени на дезинтеграциони, или рушење на организационата поставеност на претпријатието, нелегални се штрајковите кои што го рушат раководството, директорите, избраните органи во постапка по статут и по закон во самите претпријатија. Никој тоа право не го спори на работниците, но сето тоа треба да се остварува во една постапка кои што сами ја утврдиле во својот статут. Во спротивно ќе настане соодветна анархија во управувањето. Бидејќи и Законот за штрајк и Законот за претпријатијата пред се се во функција институционално да се организираат односите како во организирањето на претпријатието, значи на стопанството, така и во остварувањето на правата на самите работници. Што е спецификата во јавните претпријатија? Бидејќи тука имаше такви контроверзни настапи и во јавноста, и денеска на седницата од тоа дека всушност со ова се враќаме на некој административен социјализам од 50-те години како што има некои амандмани и образложенија овде каде што Владата ќе ги назначува и ќе ги брише директорите со гумичка и дека тоа е нов централизам во едни пазарни услови кои што се остварува, па се до тврдење дека овие се противуставни решенија бидејќи всушност Владата си зема прерогативи да менува директори, да назначува управни одбори и посебно да ограничува услови за остварување на штрајкот. Прво, никаде во овој предлог на закон макар што имаше и такви веројатно непрецизности во искажувањето не се работи за ограничување на штрајкот, бидејќи во Уставот ние јасно сме се

определиле што сме го презеле, она што вели и синдикатот од меѓународниот акт за штрајкот, дека ограничување на штрајк може да биде само во областа на одбраната, внатрешни и управата. Овде не се работи за ограничување на штрајкот. Овде се работи за прецизирање на услови во кои може да се остварува штрајкот. Зошто е потребно и зошто во член 7 би ве потсетил на Законот за штрајк во кој јасно се вели дека правото на штрајк на работници во организациите во кои работниците вршат дејности, или работи од посебен општествен интерес утврден со закон итн. може да се остварува само под услови прво, ако се обезбеди минимум на процесот на работа кој обезбедува сигурност на луѓето, на имотот, итн. И второ,извршување на меѓународните обврски. И она што е битно сега во член 7 на Законот, затоа велам овде ништо не е предложено ново. Вели, со закон или одлука на Собранието на општествено- политичката заедница заснована врз закон со која се утврдуваат начинот на обезбедувањето на убсловите од став 1 на овој член. Значи, со овој закон е овластено ова Собрание да може да донесе вакви предлози со кои ќе ги прецизира условите под кои може да се организира штрајкот. Која е онаа причина што јавните претпријатија имаат таков статус и во Законот за претпријатијата и во условите за организираше на штрајк во јавните претпријатија. Прво и основно е тоа, дејноста, а таа дејност директно се однесува на здравјето, интересот, или на целата Република. И второ, карактерот на средствата кои тие ги користат кои согласно членот 196 б) од Законот за претпријатие всушност тие средства се во државна сопственост кое што и непосредно е регулирано со овој закон, а со одлука на ова Собрание е утврдено кои се тие претпријатија денес кои што имаат третман на јавни претпријатија. Тоа се поштата, тоа е Електростопанство, тоа е Телевизија и ЖТО. Тоа не значи дека во наредниот период нема да се јават некои јавни претпријатија,

бидејќи исто така може денеска градски водовод од Скопје да ја запре водата во цел град и да каже додека не ги зголемите личните доходи, ние не ви даваме вода или не дај боже РЕК Битола да беше некоја атомска централа, па еден дел да пуштеа зрачење и да речеа "зголемете ги личните доходи". Оттаму мислам дека бидејќи прво дејноста на тие претпријатија имаат посебно значење за животот и работата во Републиката од една страна второ, капиталот во тие претпријатија е државен. Врз таа основа се конституира и правото на државата и во однос на управувањето на тие претпријатија и второ во однос на условите под кои може да се организира самиот штрајк. Според тоа, можноста да се прецизираат условите не да се ограничи правото, туку да се прецизираат условите под кои може да се организира штрајкот во јавните претпријатија, вклучувајќи го и законот за енергетика, мислам дека јасно се одредени во член 7 од Законот за штрајк. Тука мислам нема никакви дилеми, бидејќи никакво ограничување, или забрана не се утврдува со овие одредби. Што е она што посебно се повредува во овие штрајкови. Јасно е во член 10 во Законот за штрајк се вели дека штрајкувачкиот одбор во целиот период на штрајкување мора да соработува со директорот и Управниот одбор, односно органите на управувањето во тоа претпријатие за изнаоѓање на можни решенија за проблемите кои што се причини за штрајкот. Во конкретниот случај всушност се врши супституција на самото раководство. Значи, всушност со овие измени и дополнувања се обезбедува, пред се се создаваат услови да се гарантира тој минимум кој што во законот за штрајк се насочува да се обезбеди за да би можел целокупниот живот во Републиката несметано да функционира. Што е сега она што се смета противуставно?

Прво, се смета противуставно со овие решенија дека наводно се прекршува уставната основа одредба во која што се вели дека организирањето односно учество во штрајкот под условите утврдени со овој закон не претставува повреда на работна обврска и не може да биде основа за прекинување на работниот однос. Меѓутоа, веројатно зависи кој како тоа го чита. Јас внимателно ќе ви прочитам за да биде јасно каде е дистинкцијата и дека не се работи за никаква уставна повреда доколку се прекине работен однос на некои од учесниците во штрајкот. За што се работи? Во законот за штрајкот се вели: организирањето, односно учеството на штрајкот под условите утврдени со овој закон не претставува повреда на работната обврска не може да биде основ за поведување постапка за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на работникот и не може да има последица престанување на работниот однос на работникот. Но, во услови организирање на штрајк во услови утврдени со овој закон, бидејќи доколку не се организира тој штрајк во услови и во постапка кои што се утврдени во овој закон исто така во член 13 се вели: организаторите на штрајкот, односно учесниците во штрајкот спротивно на одредбите на овој закон доколку не ги почитуваат одредбите на овој закон нема да ја уживаат заштитата утврдена со став 1 на овој закон. Значи, не можат да бидат заштитени од дисциплинска постапка и од прекин на работа, вклучувајќи го и прекинот на работниот однос. Оваа одредба од член 13, всушност со одредбите од измените на овој закон за енергетика, само се операционализира.

Втора забелешка е дека наводно директорот, или работоводниот орган не може да организира други работници да донесе на нивно име доколку биде во прашање животот на граѓаните и имотот во целост

загрозен. Во член 14 исто така се вели во Законот за штрајк дека тоа е само во услови кога работниците штрајкот го организираат по основите на овој закон. Во спротивно работоводниот орган може да организира замена на тие работници доколку бидат загрозени виталните интереси на Републиката или здравјето на граѓаните. А основ за такво реагирање на Владата всушност е и во член 15 каде што надлежниот орган општествено-политичката заедница се овластува и презема неопходни мерки предвидени со Уставот и законот за реализирање на овие услови во кои што треба да се одвива целокупниот живот во нашата Република. Што е она што по мене исто така не е прифатливо со овие предлози? Мислам дека решенијата требаше да се понудат во една посебна глава од Законот за штрајк и тие решенија да се однесуваат како системско решение за сите јавни претпријатија во Републиката.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Од друга страна исто така мислам дека законот за штрајк има потреба од одредени измени и дополнувања не само во однос на јавните претпријатија, бидејќи не гледам во Законот како ќе спречиме работниците да не ја земат власта во другите претпријатија кои нема ат третман на јавни претпријатија насилно преку штрајк и штрајкувачки одбор работниците секогаш, согласно од статутот, уставот, нивниот статут си имаат легални органи, процедури во кои можат во секое време го сменат и директорот и да изберат нови органи на управување. Меѓутоа, на кој начин ќе се спречи узурпација од штрајкувачки одбор да преземе' власта или управувањето во едно претпријатие кое не спаѓа во категоријата јавни претпријатија. Затоа мислам дека има потреба од ревидирање на целокупниот закон за штрајк и за мене по прифатливо беше доколку во законот за штрајк во посебна глава се вградеше организираше на штрајк во јавните претпријатија во која по јасно би се издиференцирале. Во конкретниот случај моето мислење е малку посложено, веројатно во сите закони за одделни јавни претпријатија • треба соодветни решенија кои би биле во соодност со оваа материја која е денеска предмет на расправа.

Затоа мислам дека сложеноста на проблематиката испаѓа затоа што непосредно е расправата во РЕК Битола и дека ова се носи само во функција на разрешувањето на тој проблем, а всушност поводот е РЕК Битола, тоа никој не може да го спори, а се пополнуваат одредени празнини во одредена законска материја која во целост таа материја треба во што поскоро време комплетно да се постави врз нови основи.

Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, во кој случај скоро ист третман околу излагањето за потребата или непотребата од донесување на овој закон ќе се совпаднат и со размислувањата на господинот Киро Поповски.

Сакам да кажам дека овде треба да ги издвоиме двете основни прашања и тоа што е штрајк и што е насилие.

Второ, дали секој прекин на работа ќе треба да се смета за штрајк и дали, тоа што господинот Киро Поповски нешто напомна , преземање на власта, ќе го сметаме под штрајк револуција и што се остварува со штрајк.

Прво, овој Предлог на закон за дополнување на Законот за енергетика не упатува на уставните одредби од Уставот член 38 дека сите имаат право односно загарантирано е правото на штрајк и вториот став во кои области на општествениот живот може да дојде до ограничување на штрајкот. Тоа се одбраната, управата и полицијата. Други области уставот не признава. Се поставува прашање дали сега ќе можеме да вршиме организација и ограничување на штрајк и во други сфери вон Уставот? Ако останеме принципиелни, што треба да го направиме, Уставот да ни биде основната норма од која ќе го организираме животот понатаму и ќе бараме креација, тогаш на друго место нема ограничување на штрајк. Меѓутоа, кога реков дека штрајк ќе има своја дефиниција, ќе мора да се одговори на ова прашање. што е штрајк? Постои закон за штрајк и во членот 1 јасно и гласно кажува "штрајк е организиран прекин на работа во сите сфери заради остварување на економски и социјални права од работниот однос на работниците". Тоа е штрајк. Ако некој мисли дека преку штрајк ќе врши

преземање на власт, тогаш тоа е насилие или друга форма на делување. Во тој случај полицијата како форма на заштита на правниот поредок ќе има работа и ќе се бави со такви работи да ги спречи

Понатаму што вели: прво и основно ако правото на работниците се за организирање на штрајк доаѓа да се донесе одлука оти ако се донесе одлука за штрајкот ќе се одреди орган, а тоа е штрајкувачкиот одбор. На штрајкувачкиот одбор му се даваат задолженија и време кога и под кои услови и на кого треба да го пријави штрајкот за да ова може да се смета за штрајк.

На крајот, најбитното што е го загатна и господинот Поповски кога говореше за одредбата од член 7 каде говори во кои услови се одредува штрајк, меѓутоа, во ставот 1 точка 1и 2 посебни услови за да на крајот во ставот 2 законодавецот е јасен и вели "во одредени услови законодавните тела, а тука е и Собранието, ќе ги пропише условите каде е во прашање јавниот интерес со закон или друга одлука".

Господа пратеници, нашата задача е одејќи и следејќи ја смислата на Уставот и смислата на постојниот закон е овде да ги пропишеме минимум условите кој ќе треба да се запазат за да може да се говори за штрајк. Меѓутоа, што правиме овде. Со оваа додавка на Владата само за дополнување на законот и тоа на Законот за енергетика се одредуваат одговорности кои се решени во другите позитивни закони за неизвршување на задолженијата од работниот однос. штом сега предлагачот има потреба работоводниот орган да организира, па дали ќе треба во овој случај неговите поранешни задолженија од работниот однос да ги ставиме вон сила, па да дојде ова и вториот поинтересен дел работникот кој не ги

исполнува а е во штрајк, кога Е во штрајк има минимум, тогаш тој ги исполнува обврските од штрајкот кој е законит и не може нему да му се закaнува со тоа дека наводно наредниот ден по наоѓаше на некој од работоводните органи ќе му поведе постапка да го разрешува, не да го разрешува туку да има дисциплинска одговорност што повлекува престанок на работниот однос.

Какво е тоа уставно право кога имаме законит штрајк, се заканува со престанок на работниот однос. Штрајкувачот да ги оствари своите права во постапка предвидена со закон и Устав е слободен. Со ова не е. Меѓутоа, што ми се поставува посебно прашање.

Видете, имаме некои одредби на членот 3 односно 94-а вели Владата вели во тие услови да го разреши и да именува вршител на должноста работоводен орган додека трае штрајкот. Ќе го разреши работоводниот орган ако Владата му е склона на работоводниот орган, таа ќе го разреши да не дојде под одговорност за не исполнување на својата работа, затоа што тој што не работи не може да греши се додека трае штрајкот, ќе престане штрајкот, штрајкот не може да биде бесконечен, тој истиот човек ќе се врати, меѓутоа, оние други работници ќе одат по општите начела за одговорност. Тука се гледа една уставна нерамноправност еден ќе оди надвор од работа, а друг ќе биде разрешуван.

Да кажам уште нешто зошто сум на страна на пратениците кои имаат мислење дека овој закон не треба да се донесе. Нема потреба од него. Законот за штрајк каков е таков е, постои, не сме го измениле, ако сакаме да менуваме или дополнуваме ќе мораме да направиме што?

- Да го почитуваме Уставот. Уставот е гаранција за штрајкот. Тогаш

ние немаме предвидено во овие сфери што ќе биде, дали имаме право за ограничување на штрајкот. Во тој случај сакаме еден вон уставен закон со дополнувања да му дадеме уставна важност. а не станува збор за него, а законот за штрајк предвидел во кои услови ќе може да се говори за законит штрајк, нека остане каков е таков е, нека се применува, а нека се носи целосен закон во кои ќе бидат задоволени и уставните одредби.

Господа пратеници, немој да бидам погрешно разбран да имам намера да одиме во расуло на имотот кој го поседуваме. Правото на штрајк реков во што е, остварување на правото од работен и социјален однос, а Владата овде сака да ни наметне дека работниците таму имаат намера да ја преземат власта. Затоа што господинот Киро Поповски е во коалиција која ја поддржува Владата, овде се заговара дека имаме преземање на власта преку штрајкот, тогаш има теоретско и научно погрешна поставка. Значи, институтот на штрајк не се познава. Сега, дали целата коалиција не го познава или г-динот Киро Поповски, тоа е друго прашање.

Кога реков дека треба да ограничиме право на делуваше, јас загатнав едно прашање, ако овие услови кои ги предвидува законот за штрајк не се исполнети колеги пратеници, тогаш не станува збор воопшто за штрајк. Тој не може да отпочне, а таму и самиот законодавец кажал кои се минимум услови во одредени јавни интереси каде може да се организира штрајк. Сега РЕК "Битола" што прави?

Сака да дојде на оваа говорница овде во ова Собрание преку Владата да случај прави закон. Најопасната варијанта во секое општество, па и во законодавството е кога случајот пишува закон. Случајот треба да се вклопи во^законот и дури тогаш ќе имаме навистина - правна држава, а ако имаме случај да пишува закон, тогаш имаме безредие и неправна држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-динот Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, изгледа додека правниците се договорат околу тоа што е штрајк, кога настапува изгледа ќе бидеме во мрак затоа предложените дополнувања на Законот за енергетика е потреба на времето во кое живееме, потреба на економската состојба во Републиката, потреба на економскиот миг во Републиката. Излишни се сите искажувања дека вакви промени на овој Закон се такви кои не водат кон добро. Напротив, потребата за дополнување на овој закон и те како е важна, бидејќи мораме, имајќи го предвид економскиот миг во кој живееме, да реагираме во одредени состојби каде се јавуваат.

Ако чекаме, како што овде беше речено, дека овие предлози да одат во редовна процедура, тоа значи дека треба да чекаме со месеци. Имајќи ја предвид во прв план ефикасноста на нас пратениците колку сме ефикасни во донесувањето на овие закони, кога еве денешнава седница ја укажува таа состојба ја закажавме во 10,00 часот, а почнавме во 12,00 часот, а во некои случаеви овие седници ги анулираме и затоа замислете колку време ќе треба ако овие закони кои се од итна природа треба да чекаат.

Сигурно дека имајќи го предвид времетраењето на донесувањето на овие закони од таа процедура, за која се заговара можеме да бидеме во мрак, најголемите корисници на ел.енергија можат да престанат со работа и што до тогаш?

Добро е овие закони да одат во пакет, како што беше овде кажано и како што стои во извештајот на Комисијата за стопанство Законот за

трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, меѓутоа, нам изгледа не ни оди работата кога во пакет некогаш се договараме да ги донесеме одредени закони кои беа пред некое време во пакет одредени системски закони. Тие седници ги анулиравме како такви, некои закони ги донесувавме ад кох еден по еден, некои останаа и затоа имајќи ги предвид овие околности кои сега владеат во економијата на нашата Република, предлагам лично овие дополнувања да ги донесеме по итна постапка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи има уште тројца, а веројатно ќе се јават и други за дискусија, предлагам пауза до 15,00 часот со замолница навистина да почнеме во 15,00 часот, за да можеме успешно да работиме.

Значи, седницата ја продолжуваме во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,05 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште сме на општиот претрес на Предлогот на законот. Господинот Киро Поповски има реплика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно господинот Стојановски или добро не ме разбрал или не чул добро, бидејќи по мое мислење даде погрешна интерпретација на моите оценки и за карактерот на штрајкот и врз база на тоа во која функција тој се остварува. Јас јасно и децидно кажав дека штрајкот, а тоа не е само мој став или на пратеничката група на Социјалистичката партија, бидејќи и тоа прашаше го постави, или на коалицијата, бидејќи тоа произлегува од самите законски одредби и во таа функција јас го цитирав членот 1 од Законот за штрајк каде што децидно стои дека штрајкот се организира заради остварување на социјални и економски права на работниците. Оттаму извлеков заклучок дека штрајкот не може да биде во функција на супституирање или суспендирање на органите на управувањето или раководните структури во едно претпријатие, ниту пак заменување на организационата поставеност и институционалната поставеност на претпријатието. Во таа функција говорев дека штрајкот пред се треба да биде насочен кон задоволување или остварување на економски и социјални права. Незнам од каде господинот Стојановски извлече заклучок дека јас сум предлагал штрајкот да биде во функција на суспендирање на органите на управата или како што фигуративно се изразив за преземање на власта. Напротив, јас негативно тие обиди ги оценив, а мислам дека и господинот Стојановски тоа мислење го застапуваше во однос на третманот на штрајкот и начинот на негово организирање. Да нема само недоразбирање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакав да се спорам околу тоа со господинот Поповски, дали јас криво сум го сфатил или лошо толкувал, тоа е мое право и моја мака. Меѓутоа, ако ги земеме стенограмите тој употреби термин не може да се освојува власт преку штрајк, ги има стенограмите, ако е за толкуваше тогаш тоа ќе биде што го кажувал а не јас што сум сфатил. Меѓутоа, мое право е да заклучам дека преку штрајк не може да се освојува власт, а господинот Киро токму говореше за некакво освојување на власта. Затоа јас поставив да не е дилема помеѓу коалицијата или самиот Киро околу тоа што е штрајк.

**ДУШКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, самиот факт дека е итно свикана 57-та седница на Собранието на Република Македонија, која ја бараше Владата, по неколку одлагања се одржува после осум дена и покажува дека ние како пратеници со нашето неодговорно дејствување можеме да одлагаме работи со кои Македонија можеше да биде турната во мрак, работи со кои можеше да биде предизвикана парализа на стопанството и распад на електроенергетскиот систем со несогледливи и катастрофални последици. Со самото тоа што ние како по обичај во вакви случаи умееме со се почести намерни блокирања на работата на собраниските комисии да ја одложиме работата до степен на внесување на вознемиреност кај целата јавност, се поставува основно прашање: Дали ние сакаме да решиме некој проблем или целата работа ја попречуваме со цел да добиеме симпатии, а притоа не водејќи сметка колкава штета може да се нанесе на севкупното стопанство на Македонија.

Имено, што предлага Владата?

Дополнителниот Закон за енергетика што го наметна штрајкот во РЕК Битола предвидува работниците во јавните претпријатија да можат да го остваруваат правото на штрајк под услов да не се доведуваат во опасност објектите што се од лично значење за стопанскиот развој. Исто така, работоводниот орган во случај на штрајк е должен да обезбеди производство на електрична енергија според потребите на системот на Републиката, а неизвршувањето на обврските ќе претставува тешка повреда на работната дисциплина.

Од сето ова јасно се гледа дека нема намера да се ограничи односно да се забрани правото на штрајк на работниците од претпријатијата што се од јавен интерес. Никој не го спори правото на штрајк на работниците во борбата за своите интереси, но дали во овој случај кога се зборува за РЕК Битола еден штрајкачки одбор, без оглед кој го сочинува, има право Република Македонија да ја стави на колена, да си го присвои објектот во кој општеството инвестирало над една милијарда и 300 милиони долари и дали со еден објект од животно значење на Републиката и народот може да раководи штрајкувачки одбор. Денес секој вработен во Републиката може да биде незадоволен од својата плата. Тоа може да се однесува и за вработените во РЕК Битола. Меѓутоа, во овој случај знаејќи дека освен плата се бара и смена на раководниот тим, кога Комбинатот постигнува врвни резултати, логична е дилемата за целите на штрајкот. За тоа дали платите не се параван зад кој се кријат некои влијанија со политички цели, а тоа може да се насети и денес во расправата и дискусијата на некои пратеници. Да бидам појасен. Кому му пречи да се внесе ред во работењето на јавните претпријатија од интерес на Републиката. Ова што се случи во РЕК Битола, која со правниот вакум во законската регулатива

што го има може да биде само добар пример како и натаму во електростопанство, во ПТТ или ЖТП сеедно, може да се издејствуваат повисоки плати за вработените или да се зголемат цените на услугите. Единствено комуналците ќе се заканат дека ќе ја исклучат водата за пиеше, а поштарите или железничарите дека ќе го прекинат сообраќајот, а Владата до колку нема поголеми ингеренции во раководењето со овие колективи и јасни правила за тоа кој и како може да штрајкува, посебно во овие претпријатија од посебен општествен интерес, ќе биде немоќна да се преземе било што, а притоа последиците ќе ги трпи стопанството и народот. Имено, лесно е од оваа говорница да се зборува дека некој има право на барање за енормно зголемување на платите со тоа можеби се мисли дека ќе се добијат симпатии кај определен број работници, но господа, од истата оваа говорница треба да му се каже и на народот исто така дека по зголемување на платите следува и зголемување на| цените на услугите, во случајот на цените на електрична енергија. И ова кажете му го на народот, за да може од сега да си планира од скромниот домашен буџет колку ќе треба да издвои за да си ги измири долговите за користење на електрична енергија.

Токму од овие причини и познавајќи ги состојбите во другите јавни претпријатија во Републиката, сметам дека денес под итна постапка треба да се пристапи кон владините предлози за дополнување на законите за енергетика и за претпријатијата.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, и овој предлог за донесување на закон за изменување на Законот за енергетика покажува дека Владата на Република Македонија нема глобални решенија за излез од кризата. Тоа е првото отворено прашање.

Второто прашање кое сакам овде да го истакнам исто така се однесува на Владата. Таа нема ни подетални ни поединечни решенија за одделни стопански области, како што е примерот и со Електростопанството. Очигледно за овие проблеми нема законски решенија. Велам нема затоа што и постојниот Закон за енергетика, како што овде ни се нуди е од порано од бившиот состав. Тоа можеме да го провериме и со службениот весник каде што е објавен од 1987 и 1988 година. Го нема она што сега најмногу ни е потребно, а тоа е дефинирана развојна стратегија во стопанството. А ние не можеме да расправаме за таа развојна стратегија во сто- панството ако немаме развојна стратегија за енергетиката, затоа што енергетиката ги дава основните параметри кои можат да послужат како база и за нашата развојна стратегија на стопанството. Не можеме да расправаме ниту пак да водиме некаква енергетска политика без владините документи за тоа како се употребува енергијата. Владата не нуди документ за начинот на прашањата и мерките за штедењето на енергијата, кој колку троши, колку се штеди, каде се троши и н., што треба сигурно да го знае ова Собрание.

Затоа, не можеме на ваков начин, како што се прави во Законот за енергетика, како што реков од поранешниот совет, да се внесуваат нови членови со кои се одредува работниците да го остваруваат правото на штрајк. Тоа право не се одредува со закон, туку со други законски решенија, најмалку со Законот за енергетика. Зошто го велам тоа? Затоа што на сите ни е познато, овде веќе се кажа, дека со нашиот Устав со член 38 стои дека со закон може да се ограничи само правото на штрајк во Армијата, Полицијата и органите на управата.

Затоа, за мене е неприфатливо ова што се нуди со овој за-он за енергетика, да се ограничува тоа право, ниту пак тоа право ние сме го

регулирале со Законот за штрајк, затоа што и тој закон за штрајк, како што на сите ни е познато е уште од бивша Југославија, бидејќи е објавен во "Службен лист на СФРЈ" број 23/91 година. И да не се лажеме, да ја кажеме вистината дека овие прашања со нови закони не се регулирани.

Затоа, при една ваква ситуација редно е да кажеме што бараме во овој момент. Бараме нов закон за енергетика, бараме нов закон за штрајк, бараме нов закон за претпријатијата. И најпосле, ако сакаме да се внесат нови одредба за Законот за енергетика, тогаш според мене мислам дека најреално е да кажеме дека работоводниот орган само во согласност со Синдикатот може да ги утврдува работите кои можат и мора да се извршуваат за време на штрајк, за да може да се обезбеди снабдување на потрошувачите со електрична енергија, а ние видовме овде дека тоа не се прави и не се има разбирање со другиот партнер, односко со Синдикатот. Не сакам да зборувам овде дека правото на штрајк е една од најголемите придобивки на синдикалното движеше и ние не треба да заборавиме овде дека штрајкот е токму тоа оружје на работниците и на синдикалното движење, со кое се овозможува работниците да ги остварат одредените економски или политички права. Точно е тоа дека постојат различни облици на штрајкови, тоа да не го кажуваме затоа што тоа право не треба ние да го ограничиме затоа што ако тоа право го ограничиме, ние сме ги ограничиле не само придобивките на синдикалното движење, туку и воопшто придобивките на демократијата. Мислам дека може да се најдат решенија и има решенија и затоа предлагам и барам овие закони да не се донесуваат по итна постапка туку да се донесат по редовна постапка.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, мислам дека со право се створи една голема бура околу Предлогот за донесување на двата закони. Првенствено мислам дека тие кои што ги предлагаат двата закони имаат свои аргументи, имајќи предвид дека се наоѓаме во тешка економска и политичка состојба во Македонија, а кога се има предвид дека Владата на Македонија е одговорна за сите состојби во Републиката, кога се има предвид дека од РЕК Битола го најдоа токму овој момент кога граѓаните навистина се во една тешка социјална и економска положба, а пак од друга страна оние кои го отфрлуваат овој предлог ги имаат навистина своите аргументи. Тие аргументи се дека со воведување на едни вакви закони веројатно ќе се оди на ограничување на некои права кои им следуваат на синдикатите. Меѓутоа, во член 3 став 3 од Законот, тоа е и во друг закон, стои јасно дека Владата на Република Македонија има право да сочини совет од 11 члена кои ќе контактираат лично и ќе ги преземаат сите мерки за санирање на состојбата евентуално кога ќе се јават вакви работнички штрајкови. И едните и другите мислам дека се ставени во една незгодна положба, меѓутоа, главните иницијатори кои го прават ова се работниците, во конкретниот случај во РЕК Битола, тие немаат предвид дека токму во една ваква положба кога најмногу имаме потреба за едно нормално функционирање на дистрибуирањето на струјата туку напротив некои поединци тоа го користат за политички цели, а може би и некои партии.

Мислам дека основната причина, сегашната Влада или било која влада да преземе едни вакви ограничувања е принудена првенствено каде што би имале применување на некои недемократски методи, првенствени причини се тие кои ги користат ваквите економски и социјални проблеми и

немири, така што Владата ќе биде приморана на еден ваков начин да делува.

Точно е тоа што го кажаа претходните пратеници, Тодор Петров и други дека Владата не е во состојба да ги донесе на време останатите системски закони, и законот за приватизација на капиталот и законот за денационализација на поранешните сопственици, мислам дека тоа е точно дека се чека првенствено тој имот со кое денес располагаат сите тие организации со интерни акции да се распореди на познати личности и слично, така што по мое лично мислење ако двата закони не се донесат на време и не се постапува принципиелно, мислам дека е од важност за стабилноста на Република Македонија, j^c не знам што би било и евентуално да биде призната Македонија, доколку овие два закони а и други закони не се донесат на време, тешко ќе биде дека ќе има мир во Македонија. Тука ice станат веројатно поранешните сопственици, така помина и Законот за станбените односи, иако имаше ветување од Владата на Македонија дека преку тој закон ќе обезбедува средства за повраќај на девизните штедачи во банките, тоа не се направи. Притоа се кажа и законот за приватизација на капиталот и тој закон не се донесува навреме. Веројатно има уште нешто останато тоа да се грабили се согласувам потполно дека со овој закон се прават такви грешки и неправди и веројатно ќе бидат кражби на столетието во Македонија. И покрај тоа што ги има аргументите и на едните и на другите, во овој момент мислам дека овој закон треба да се усвои, но предлагам да се донесе првенствено само закон каде што имаме систем на организации во Македонија меѓутоа, ако се тоа важни закони за претпријатија, тогаш практично општините ќе останат без никакви овластувања.

**НЕИМ СЕЛМАНИ**:(Продолжение)

Во овој момент мислам дека треба да се уважи овој закон, имајќи ги предвид состојбите во Македонија, кои што можеби евентуално да искрснат и во други организации од посебен интерес. Меѓутоа, тоа што ќе биде ќе имаме ограничува&е и едно и друго, тоа е тешко и за тоа треба ние самите да седнеме и во овој момент треба да процениме, бидејќи мислам дека има потреба од тоа.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, денеска на дневен ред имаме два закони и тоа кои се предлагаат по итна постапка, со кои се врши дополнување на два основни закони, кои што закони се преземани од поранешна СФРЈ. Сметам со дополненијата на Законот за енергетика баш во ништо не се доградува правниот систем, туку напротив се разградува правниот систем и станува далеку поконфузен. Зошто го велам тоа? Овој закон кој што е предложен денеска неговата итност на сите ни е јасна. Итноста е во тоа што настана штрајкот во РЕК Битола. Мене ми се чини дека Владата не смее така да интервенира со дополнување на овој закон без да се согледаат сите последици од ваквото дополнување. Можеби навидум тоа ветува едни пореални токови, едни пореални согледувања и решавање на такви состојби во овој временски период. Незнам што ќе настане кога тој закон ќе се донесе. Тој закон односно одредбите со кои се дополнува Законот за енергетика произлегуваат односно нивното место е во повеќе други закони. Поместување наоѓа Законот за работни односи, Законот за штрајкови, Законот за претпријатија. Сето ова укажува еден еклатантен пример е оваа работа што ја работиме ние од 4 март па до денеска коко не треба да работи Владата и Парламентот. Дали имаше потреба на тој ден да се

предложи по итна постапка, иако велиме дека Законот не е обемен, но суштината негова е поприлично сложена, решава едни состојби за кои треба длабоко да поразмислиме. Не треба ова Собрание месечно или на пет месеци да врши измени понатаму на законите. Јас сметам ако Владата ги предложеше и ги допуштеше какви ги има изготвени Законот за претпријатијата досега тој ќе поминеше за овие три дена во ова Собрание. Јас сум длабоко уверен дека сите пратеници, сепак имаме иста цел, но со различни погледи. Целта е правниот систем да се догради, а како треба да се догради. Тоа е разликата во погледите. Во овој случај кога веќе влезе во процедура овој закон, сметам дека е неопходно да оди во две фази. Од дискусии^е кои што произлегоа овде ми се чини дека Владата има време да поразмисли каде треба да се интервенира. Дали во Законот за штрајкови или во овој закон. Законот за штрајк исто така и тој е преземан закон. Со тој закон се вели дека треба да се операционализираат некои работи од него во другите закони. Дали треба така дали ние ќе работиме со иста правна регулатива, како што беше и поранешниот систем од еден закон, тавтологија правиме во десет или петнаесет закони. Дали ќе треба сега во сите закони, каде што ќе се регулира материјата на јавните претпријатија истото нешто да го правиме и таму што овде го правиме. За тоа може да се интервенира само во тој закон. Мора да направиме една прегледна и чисто правна регулатива во Република Македонија. Исто така, јас ги поддржувам дискутантите кои што збореа дека овој закон е противуставен. Сакале или не и тоа како е противуставен. Јасни се одредбите во членот 38 од Уставот. Ние не можеме да бегаме од тоа. Овој парламент го донесе тој устав. Дојдовме сега до состојби каде што се доаѓа до тешкотии. Ми се чини дека со овој закон што се предлага на еден начин сакаме или не интервенираме во правото на штрајк на одредени работници кои што работат во јавните

претпријатија, а кое нешто не е ограничено во Уставот. Велиме дека правото на штрајк е дозволено и со овој закон. Така го модифицира како што се дадени дополнувањата. Но, забраните се и те како ригорозни и противуставни. Во што е тоа? Му даваме право на директорот да дава работни налози на работници кои што согласно законот за штрајк, организиран штрајк. Доколку тие работници не постапат по налогот следува казна. Дали тогаш е легален тој штрајк. Со оваа одредба тој штрајк се забранува без разлика што во Уставот и во Законот стои. Дали тој директор кој што ќе ги има тие овластувања со овој закон не ќе може тој да издаде налог на штрајкачкиот одбор, сите тие што се во него утре да одат на работа. Што ќе се последици тогаш? Дали ќе го постигнеме тоа што го сакаме или ќе постигнеме обратен ефект. Свесни сме дека во овие јавни претпријатија треба нешто да се преземе. Но, далеку ќе бидеме поодговорни доколку ја разработиме таа материја малку подлабоко да навлеземе. Може да се изнајдат решенија без да дојдат едни обратни последици, кој ќе го гарантира животот на тој директор. Дали тој директор ќе треба да биде вечно чуван од полицијата. Ако еден народ се организира на штрајк, па за да ги спречи за да преземе мерки директорот да ги исполни обврските што ги бараме со овој закон, зашто таму има и тоа како тешки обврски, во Законот за штрајк зборува за минимум, а овде се зборува за тој минимум дека го нема. Обезбедуваше на работа каде ќе е утре неговата гаранција? Јас незнам кој ќе биде директор таму. Веројатно, ќе му треба еден одред полиција да го чува, пред да му биде и куќата нарушена и неговиот целосен живот односно целото негово семејство. Од тоа, уште еднаш предлагам овој закон да оди во две фази, бидејќи сепак во едно малку порастргнато време ќе имаме далеку повеќе видувања како треба да интервенираме. Инаку, треба да се интервенира на еден соодветен и

законски начин каде што и вработените во тие претпријатија, сепак, треба да се чуе нивниот глас. Ние не знаеме дали тие претпријатија се целосно државни. Јавно претпријатие, колку има државата инвестирано внатре, колку имаат вработените во тоа претпријатие и какви ќе бидат нивните права. Ми се чини дека најидеално решение ќе биде во две фази, ќе има и Владата време од сите размислувања да поразмисли уште малку и тогаш ќе имаме далеку пореални согледувања сите овде што сме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мене ми се сосема јасно дека институциите од посебен општествен интерес треба да имаат и посебен третман. Меѓутоа, ако сакаме да изградиме цврст и стабилен економски систем, тој мора да базира и да се темели врз основните уставни определби што ги имаме донесено со уставот. Со Уставот точно е речено дека власта ја сочинуваат законодавната власт, извршната и судската власт. Ако е тоа веќе така, се поставува прашање зошто тогаш Владата си го зема тоа право практично да биде главен арбитар и регулатор на вкупната државна регулатива. За мене, навистина, во услови кога постои една променливост, поготово, услови вакви какви што се македонските, кога постои променливост на Влада, се поставува прашање дали со промената на Владата не ќе настанат и одредени јаки потреси внатре во општеството. Затоа што со доаѓањето на друга власт јасно ќе зборува дека ќе имаме и друга промена.

Второ прашање, мислам дека нужно е кај нас да се дефинира што практички ќе значи јавен сектор. Со тоа ќе се утврди, определи на некој начин и омеѓи статусот на јавниот сектор. Затоа што јавниот сектор го добива вистинскиот статус во вкупната негова физиономија. Само така ако ги поставиме тие две работи мислам дека наместо раководните луѓе да имаат политичка лиценца ќе имаат професионална лиценца. Ќе им овозможиме на јавноста преку своите репрезенти, преку Парламентот, преку Владата и тн. да партиципираат сите во креирањето на вкупната политика и вкупната состојба во јавниот сектор. Зашто, тој навистина е највиталниот дел од оваа општество. На тој начин мислам дека нема да добие сега улога Владата да ни донесува закони, кои на некој начин добиваат конотација на принудна управа. Напротив, ќе се добие еден впечаток дека оваа Влада гради практички демократски принципи, дека се цени во прв ред квалитетот на работата и професионалниот однос на граѓаните што живеат тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, овие денови соочени сме уште со една недоследност и неспособност на нашата Влада која на дневен ред ни достави Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за енергетика по скратена постапка по неуспешните преговори во РЕК Битола. Тоа за мене, почитувани пратеници, претставува уште еден голем неуспех на Владата. Зошто тоа го велам? Интересна е практиката што си ја воспоставуваат челните луѓе на државната власт на Република Македонија. Така, ни се случува нив да ги гледаме на многу културно уметнички приредби, прослава на годишнини, јубилеи и манифестации, отворање на изложби поетски вечери, театарски

премиери, разни советувања, симпозиуми, научни институции и слично, накусо онаму каде што се слави и прославува под форма тоа се и наши успеси и собираме поворки. Но, никогаш не се случило истите тие луѓе, носителите на највисоките државни функции да се сретнат очи в очи, односно да се соочат со манифестантите на социјалното незадоволство и длабоката стопанска рецесија во Македонија Во тие случаи државното раководство се повлекува настрана, а напред ја истура македонската полиција. Се прашувам господа пратеници, до кога македонската полиција ќе ја брани и штити неспособноста на Владата и нејзините погрешно донесени одлуки и потези. Претпоставувам дека еден ден истата ќе им откаже послушност ако истите пред време не си направат сериозна корекција. Мотивот и итноста на овој закон е тесно врзан со најавениот и отпочинатиот штрајк на РЕК Битола на 23 февруари 1993 година во 7,00 часот.

На барањата на штрајкачкиот одбор во овој енергетски гигант, кој државата ја снабдува со 78% електрична енергија, Владата како да немаше уши да чуе и уста да им каже барем нешто. Едноставно одбиваше секаква средба со штрајкачкиот одбор, кој го сметам за голема пропуст. Истите овие работници, господа пратеници, кои штрајкуваа треба да знае Владата се носители на огромните постигнати резултати во Рудникот и Термоелектраната. Истите се тие работници кои работеа на минус 40 степени. За жал од погоре изнесените челници кои присуствуваа на сите јубилејни манифестации не најдоа време да го потсетат РЕК и да видат како се одвива производниот процес во тие сибирски температури, какво е нивното наградување и какви се меѓучовечките односи во овој колектив. Освен елементарните непогоди условите од кои работеа вработените во РЕК Битола беа многу полоши од било кој казнено- поправителен дом во Македонија. А тоа можете да го видите од приложениот материјал кој што ви е ставен на сите пратеници. Пред некој ден, дури и јас лично имав

прилика, разгледувајќи ги поднесените амандмани на Комисијата за стопанство, лично да се уверам од изјавата на господинот Бошалевски, потсекретар во Министерството за стопанство за екстремноста што сака да се постигне со Законот за енергетика. На прашањето, дали, на пример мене како дипломиран економист со овој закон ќе може директорот да ме тера мимо моето стручно работно место да берам сламки и шрафови по стопанскиот двор, добив одговор, не само што ќе берам сламки и шрафови туку дека ќе го направиме РЕК да работи со 500 души. На ова не сакам да коментирам и најголемиот лаик знае дали тоа може да биде така. Но за жал зад ова се крие сосема нешто друго. Секој еден експеримент со жива, материја, господа пратеници, е опасен. Ставот на Сојузот на синдикатите на Македонија, господа пратеници е категоричен. Смета дека ваквите предлози за измена и дополнување на Законот аз енергетика претставува директно кршење на уставното право на штрајкачите на работниците утврдено по член 38 од Уставот на Република Македонија. Владата, односно ресорното министерство во член 3-а вели. "Може да го остварат правото на штрајк под услов да не се доведат во опасност објектите што се од битно значење за стопанскиот развој, животот на граѓаните и извршувањето на меѓународните обврски". За ова можеби ќе се сложам, но треба да знаете господа од Владата дека тука електростопанството ве најде неподготвени. Зошто вие не му кажете на електростопанството кои се тие нормативи, кој е тој нужен неопходен минимум или максимум на производство на електрична енергија да се озваничи со ваш акт а потоа да можат да го остваруваат правото на штрајк. Или и вам таа материја не ви е позната, односно тоа намерно го одбегнувате. Господа пратеници, ако оваа Влада му го мисли доброто на електростопанството најпаметно е да го повлече од процедура Законот, ако инсистира, јас се обраќам до вас почитувани пратеници истиот да не се изгласа. Во спротивно сметам дека

вие ќе бидете виновни за настанатите последици. РЕК не е Студенчица, не е Горче Петров, не е Вевчани, предлагам Владата да прекрати да манипулира со првиот човек на Електростопанство господинот Мито Марковски. Човекот кој што воспостави авторитетни контакти со штрајкувачкиот одбор во РЕК Битола, за разлика од Владата која со своите постапки во тие денови авторитетно падна. Кој е тој што го советуваше директориумот во РЕК Битола дека во генералниот директор господинот Мито Марковски е ќесето. И тој е што не дава пари за вработените. Откако виде директориумот дека не може да го убеди штрајкувачкиот одбор дека за ниските плати не е виновен господинот Мито Марковски туку единствен виновник е Владата која немаше слух да донесе системски мерки за наградувањето на организациите кои имаат успешни резултати во работењето. Каде се видело една Влада да ја употреби својата власт и моќ и сите свои инструменти против еден успешен и докажан стопанственик во Македонија кој ужива целосна доверба во електростопанството на Македонија. Владата доколку има некои работи да расчистува со генералниот директор на Електростопанство господинот Мито Марковски тоа нека го направи машки отворено,а не задкулисно да експериментира со РЕК Битола.

Ова го велам бидејќи господинот Мито Марковски ужива целосен авторитет во РЕК Битола и ја има на увид целата положба така што рудникот со електраната работи со полн капацитет три пати 210 мегавати. Колективот е задоволен од новопоставените пет ВД раководители, упорно се решени да ја сочуваат работната дисциплина и резултатите од работењето.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ**: (Продолжение)

На крајот сакам да напоменам. Доколку се донесе ваквиот закон незадоволството ќе биде уште поголемо, претпоставувам и на генерален штрајк на Електростопанство на Македонија, а постои можност и на ниво на сите јавни претпријатија во Македонија.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Многу работи овде се изрекоа, тоа не значи дека не би се сложил со некое мислење, меѓутоа принципиелно работите би ги гледал низ призмата на два погледа.

Прво, предмет на расправа на денешниот состанок се практично два закони во кое тежиштето треба да бидејќи и лоцирано и мислењето и усогласувањето и доближувањето на ставот. Но, бидејќи голем дел од мислењата се кажаа во делот на штрајкот мислам дека многу тензии овде што се однесуваат во однос на штрајкот бар имам доста големи искуства во делот на штрајкот многу ми е познато, па дури и технологијата на организирањето на штрајковите од 1987 година па заклучно до денес. Јас сум имал можност во тоа критикувано едноумие кога ќе ги прочитам барањата од било која организација, а еден сум и од авторите на пишување на правилата на штрајк. Кога внимателно ќе ги прочитам сите барања постојано сум доаѓал до заклучок дека ниеден штрајк не се организира во него да нема некои политички ланец било да е тоа група, а во поново време политички партии. Имам аргументи и докази за тоа па можам низ личниот пример, а и низ примерот на фирмата која долго време ја водев, па и за Битолскиот случај.

Но, во оваа прилика не ми е идејата да се задржувам околу тоа, само сакам неколку тези што овде беа нафрлени низ призмата на законот да се потенцираат. Се потенцира дека има наша и ваша Влада. Јас мислам дека овој Парламент избра македонска Влада, (реакција на некои од

пратениците во салата) оставам коментар секој за себе да извлече.

Се постави прашањето, наводно интервенцијата на безбедносните органи. Таа работи и интервенира согласно законите и прописите што овој Парламент ги донесе, ако овој Парламент погрешил во донесувањето на прописите на законите тогаш евентуалната сугестија во нивната функција и остварувањето на улогата веројатно треба и самиот Парламент да ја проучи.

Понатаму, се потенцираше и тезата да во едни критериуми државата да изврши интервенција кај стопанските субјекти, а од друга страна државата да не треба да врши интервенција. Малку, мислам, дека работите , јас се согласувам дека треба брзо да еволуира но толку да девалвира мислам дека тоа не е аргумент за правдање да го промени моето мислење како принципиелно размислуваше. Ние исто така протежираме сега една теза политиката да треба да биде присутна во стопанските субјекти, а на времето протежиравме политиката да биде исклучена од стопанските субјекти односно од претпријатијата. Навраќаме да во правата на одлучувањето учествува самоуправниот субјект, на адреса на таквото кризно функционирање на самоуправата ние практично ја доведовме оваа ситуација на распад и на социјализмот кое беше едно од фундаменталните прашања во договорната економија.

Ако делот на деполизацијата само биде декларативно, а го ставаме во функција на остваруваше на политички цели очигледно е дека практично со поставувањето на овие точки на дневен ред при отворањето на процесот на трансформацијата ние на секоја новина и ставаме пречка, бариера да не се отвори процесот на трансформацијата што по мое длабоко убедување имајќи ја во предвид ескалацијата и технологијата на примената на штрајковите, пред се, преку социјалниот фактор кој во конкретниот случај во

Битола не е така е социјалните барања полека се изгубуваат и поминуваат и добиваат карактер на една современа технологија, а некој кажа дека не се пуч, тоа можам со многу аргументи да докажам низ призмата што ги познавам штрајковите што досега се организирани во Македонија тоа е чисто класичен пуч со применетите технологии кој поминуваат во првата фаза преку гласила за да на крајот бидат вистина. Не се работи овде за заштита на едно или друго кадровско решение, не би се задржал на тоа, а би го искористил аргументот практично сега д место да се дадеше тежиште на интервенцијата на измените односно на дополнувањето на законите кој практично оваа ситуација само треба да ја регулираат правната празнина во кој дел јавното претпријатие ја има државната функција, а сите претпријатија јас ти тврдам за кои различно може да имаме мислење, меѓутоа по ослободувањето сите претпријатија што се затечени кој биле отворени по различните основи, концесии итн. се државни претпријатија, само во покасна фаза со донесувањето на Законот за самоуправувањето е направена одредена трансформација. Ние кога ќе разговараме за тоа ќе имаме сериозни проблеми во овој парламент и ќе имаме различити аршини.

Од тука сакам да кажам дека сум на мислење да практично ако го ставиме во функција и делот на овие закони, енергетскиот закон како комплексен закон би се согласил да во делот на енергетиката да има простор да се разговара за комплетни измени. Бидејќи ние утре ќе имаме случаи да биде предмет на разговор и гасоводот и сите други работи кој досега ги немавме регулирано, меѓутоа овде основната поента не е ставена во таа функција. Меѓутоа, ако е тоа производна организација јас еднаш овде кажував, имав реакции на тоа мислење, зборував во една прилика и за

енергетскиот биланс, имав исто така реакција но тоа мене не ми смета. Вистината е таа што ќе победи.

Во овој случај сакам уште нешто да потенцирам. Ако некој мисли дека врз основа на тоа дека не се манипулираат луѓето за јавни манифестации мислам дека луѓето со тек на време осозреваат, озознаваат и доаѓаат до заклучок дека се изманипулирани. Тоа можам одговорно да го тврдам затоа што лично сум имал можност со многу луѓе да разговарам, а и со бројни штрајкови, и после неколку години работите ќе излезат на виделина.

И би завршил, ако некој мисли дека е мотив личниот доход и дека повторно може да се покрене социјалниот фактор кај голем број од вработените не е вистина. Нема случаен штрајк, нема случаен собир. Нема случајно нешто ако државата, ако сака државата да прави анархија, во конкретниот случај Владата тогаш не треба да предлага мерки односно не треба да донесе закони. Ако парламентот сака да ја сноси таа одговорност сам за себе тој треба да ја прифати таа одговорност за анархијата. Лично јас не сум подготвен за таа работа, па поддржувам за да завршам, ако се прифати само една карика во конкретниов случај порастот на личниот доход веднаш ја менува структурата во деловното работеше на фирмата и нема сила и снага и во времето кога беше едноумието бидејќи ние сме биле под тој режим и оловото и цинкот и среброто така и струјата нема сила и снага што не може да изврши притисок на било која Влада да отстапи од еден критериум за промена на цената. Нема. Во три влади на Југославија и кај оваа Влада ако ние тоа не го сфатиме како реалност јас ви тврдам дека самата промена на структурата во деловните резултати автоматски повлекува пораст на цената на чинењето на струјата. И тоа кај потрошувачите, а не некој друг да ја плати. Или евентуално што викаме и ова стопанство такво какво што е  сиромашно , колку се менува структурата

не само номинално туку и вредносно во структурата автоматски со тоа не да има директна инфлација туку тоа се мултифлицира и во текот на 12 години пораст на цената само како индикатор ќе кажам и со тоа би завршил, ако порастот на личниот доход биде од 30% под услов се да е смрзнато во Македонија во целото стопанство инфлацијата на крајот на годината ќе има цирка само по тој основ 24%. Од тука и го оправдувам размислувањето за оваа интервенција сепак дека треба да имаме ингеренции поради државноста а овде се работи само за регулирање на правниот основ и дејствувањето и функционирањето на јавните претпријатија, да не се враќам пред две години што сум кажал за јавните претпријатија. Меѓутоа, во оваа прилика лично мислам дека ако премногу инсистираме на нездрави аргументи за да се доближиме поради манипулација на одредено мислење веројатно ќе го нарушиме економскиот интерес на секој од нас, не овде што седиме туку и тие што се со понизок стандард во Македонија.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека случајот со РЕК Битола кој деновиве имаше можеби нагласено место во мас медиумите и беше тема број еден со кој беше преокупирана целата јавност, а еве и парламентот денеска приоритетно се занимава и заслужува исклучително внимание од повеќе аспекти.

Прво, овој случај можеби не би предизвикал вакво внимание во јавноста, а не би ја ставил под своевидна блокада работата на сите државни структури ако не се во прашање некои односи и релации кој се уште не се правно санкционирани во законодавната сфера со јасно утврдени правила на игра во кој точно и прецизно се знае како треба да постапуваат сите субјекти штос е директни учесници, во овој случај која е улогата на штрајкувачкиот одбор, какви се неговите ингеренции во однос на

сферата на управувањето со објектот и со раководењето на технолошкиот процес, каква е неговата позиција, но и одговорноста во случајот на хаварија, а од друга страна која е и каква е улогата на државата односно на Владата, какви инструменти и таа со кој може да ги штити интересите на државата. Кога ова би се случило и доколку би се случило во високо развиените земји со подолга парламентарна традиција и традиција на законодавна- правна регулатива точно би се знаело кој од учесниците во играта каква улога ќе има и како ќе се однесува. Во такви случаи и односот на јавноста е многу попрецизно дефиниран така да нема многу простор за странични удари или како што деновиве можеше да се слушне кај нас дека во овој случај свои прсти имаат сплеткано некои политички партии.

Меѓутоа, бидејќи станува збор овде и за нас за држава и за општество кое во фаза на транзиција и во кое допрва треба да се уредат некои темелни принципи односно во смисла на правата должностите и обврските на стопанските субјекти тогаш мораме случајот РЕК Битола најпрво да го сместиме во тој контекст. Значи, првата импликација на случајот е дека во услови кога имаме се уште законски не дефиниран статус за јавните претпријатија особено на ваквите системи кој се од витален интерес на државата и кога во нив имаме потреси од разно разни причини во кој јас сега не би навлегувал, тогаш е сосема можно да се јави ситуација во која евидентно е загрозен еден од највиталните интереси на државата, а тоа е енергијата.

Втората импликација која ја истакнува во прв план овој случај е потребата на објективен начин да се соочиме со овој проблем да го проанализираме од сите негови аспекти со цел да се поставаат работите на свое место. Во таа смисла го сметам како најважно прашањето односно потребата што овде се јавува да се регулираат односите на јавните

претпријатија, а во тие рамки пред се да се дефинираат интересите на државата. Во врска со тоа за мене нема дилема дека треба целосно да се поддржи овој закон затоа што неговото донесување ќе има позитивно влијание во повеќе насоки. Како прво ќе се надминат сите празнини што сега постојат во правната регулатива која во овој случај Владата ја стави во мошне незавидна позиција, пасивна и со врзани раце да ги набљудува работите без да може нешто поконкретно да преземе, но и сите други недоразбирања, револтот на вработените во врска со платите и слично што во вакви случаи би се јавувале во комплексот на јавните претпријатија кои во сите држави се ставени под одредена контрола на државата.

Се разбира со преземањето на ингеренциите што според овој закон и припаѓаат на државата таа истовремено ќе ги преземе и обврските што произлегуваат од нејзината улога како покровител ако може така да се рече на јавните претпријатија. На тој начин сместувањето на јавните претпријатија во рамките на една прецизно уредена регулатива која ќе одговара на новите структурни промени во стопанството и општеството всушност ќе ја растовари јавноста од непотребните возбудувања.

На крајот мора да имаме уште еден момент во предвид и да му кажеме на народот дека покачувањето на платите во РЕК Битола така како што се бара значи ново покачување на цената на електричната енергија, а тоа ќе биде на товар на граѓаните на Република Македонија, на претпријатијата и другите субјекти кој ја користат електричната енергија, а тоа би значело и нова инфлација. И тука е моментот да го кажам мислењето на мојата изборна единица која во последно време ги има контактите со земјоделците кој што се наоѓаат во многу тешка ситуација да го искажам и нивниот протест против таквиот начин за решавање на

проблемите во сферата на енергијата.

На крајот јас сметам дека опозицијата треба да се запраша кој сега го штити народот или штити петмина директори или сл.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немав намера да зборувам, нај искрено ви велам. Убаво ве сослушав сите и дојдов до една констатација "стравот бостан чува Сега ќе ви објаснам зошто е така. Не можеме ние да носиме закони некој нас да ни натура закони, еве ви го законот, а вие донесете го

Прво, и едниот и другиот закон кој го предлага Владата се незаконски, не се законски. А, кога реков дека"стравот бостан чув ние чекавме еден момент некаде да се случи и веднаш ние како полицајци да се јавиме и да донесеме закон. Што ќе правиме утре кога ќе се јават многу такви закони за претпријатијата трансформација, за одземените имоти, за крадени работи и т.н и т.н. Тогаш какви ќе бидат тие закони? Видете луѓе, прво, јас така мислам, да не чекаме со остен да не дупат , како воловите што ги дупат, што ги боцка овој, но да бидеме благородни кога ги носиме законите. Викаме дека и во оваа Влада има стручњаци и тимови кој работаат за донесување на закони. Меѓутоа, да не се лаже народот дека ќе има подобри од овие што се тука, може да бидат само полоши и полоши. За да назначи директор Владата и да донесе закон за штрајкови мене ми личи дека директорот на таквото јавно претпријатие не е ништо повеќе еден полицаец кој веќе е врзан со тој закон на штрајкови и ќе направи концентрациони логори во сите тие јавни претпријатија. Отворено ви го викам тоа. Не сакам никого да навредувам. Ако попаметен е директорот и има малку милост тогаш ќе му прости. Ако е малку сатански настроен тогаш не остава ништо подобро ако се двеипол илјади души работат, не петстотини што кажа господинот од ВМРО, не знам кој беше тоа, нека ми извини, ќе остави

можеби само триста, а другите две илјади и петстотини ќе ги пушти на улица. Ако тие се побунат, тука е полицијата, ќе му ги извади бубрезите и ќе ги фрли во реката. Такви закони нас не ни се потребни. Кој настојува за такви закони тој човек не ги увидел работите затоа што викаме вака: да се донесе еден закон имаме институции, имаме правни лица имаме Устав и сето тоа кога ќе се собере и кога ќе се види тогаш тие луѓе иако малку министерот не е толку, сакам да кажам за овие министри, толку дораснат да носи такви закони, овие ќе му помогнат и ќе го најдат правиот пат на тој закон. Тоа ви вика Митко. Сега да ви кажам право јас никако не можам да се давам во тие плитки води каде не се дави никој. Тие се сигурни дека во такви води каде што Е" пливаат никогаш нема да се удават и секогаш дури ќе се враќаат суви. Е, воден ќе биде само оној кој ќе влезе во длабините, а тој ќе биде работник.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

... тој ќе биде работник. Јас барем така мислам и треба малку да се замислиме дали ќе ги прифатиме тие две точки од тој закон за штрајкови што ги даваат или да ги отфрлиме. Или пак да им оставиме малку време, малку да си помислат тие од Владата, убаво затоа што по ред идат сега претпријатијата за кои ќе кажеме повеќе работи, или законот за директори малку да го развисиме за што секој кога ќе му дадеш власт утре тој е диктатор. И добар да е соседниот директор ќе го расипе, ќе го направи лош.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, очигледно дека политичката борба за власт и стекнување позиции пред наредните избори уште одамна е пренесена од Парламентот па надоле, се до претпријатијата. Можам да го констатирам заклучокот што господинот Тодор Петров го кажа од оваа говорница. Сепак мислам дека треба малку да се прави една разлика на тоа каде може да биде таа бора, а каде не може. Каде постои тој државен интерес, а каде не. Сакам само да ве информирам, со оглед на тоа што сум работел во електростопанството, за моменталната ситуација во електроенергетскиот систем на Македонија.

Можам слободно да кажам дека електроенергетскиот систем на Македонија веќе подолго време работи во една хавариска состојба, во услови кога цела република, можам слободно да кажам, виси на конец. По одвојувањето и борбата во Хрватска , на системите на Македонија, Србија и Грција од Европскиот систем сите овие системи работат во една таква состојба но со оглед на тоа што српскиот и грчкиот систем се многу појаки со енергетски извори толку и опасноста по распад кај нив е многу помала од колку кај македонскиот систем. Моментално во Македонија имаме три термоелектрани во Битола во 210 мегавати и една термоелектрана Осломеј од 100 мегавати. Тоа се вкупните извори во Македонија. Значи, имаме

околу 700 мегавати термо енергија, а хидроенергијата, благодарејќи на тоа што Владата не ги почитуваше моите заклучоци пред 2 месеци имаме нула. Значи, не можеме да се надеваме на хидро енергија додека не се стопат снеговите. Моментално мораме да увезуваме електрична енергија од комшиските електро енергетски системи. Што ќе се случи доколку комшиските електро енергетски системи немаат енергија да ни дадат. Само тоа замислете си. Ова е премногу сериозна проблематика дами и господа и мислам дека многу од вас овде, ако не и сите не сте свесни во каква состојба е моментално РМ во овој поглед.

Пред два месеци кога водевме дебата во врска со проблемите во електро енергетиката, кога беа рестрикциите, Македонија имаше 50 милиони киловат часови хидро енергија резерва, потенцијал. Доколку Владата на РМ имаше осет и чувство за тие проблеми, јас тогаш понудив 4 заклучоци на писмено со кои што барав подитно да се обезбеди мазут за ТЕ Неготино и да се сочуваат хидро резервите, па и по цена ако требаше зимата сите да ја поминеме во ладно. Тоа што не го стори Владата, што е моја голема замерка ја доведовме Републиката и електроенергетскиот систем во ситуација да во случај на испад на било која од термоелектраните, а тие испади се случуваат, само за пример ќе ви кажам дека минатата година имаше 35 испади кај овие 4 термоелектрани. Тоа значи дека ние ќе бидеме доведени во ситуација цели градови да исклучуваме од напојување со цел да го сочуваме електроенергетскиот систем. А, не дај боже да се распадне електро енергетскиот систем дури тогаш ќе осетиме што значи немањето хидро резерва. Карактеристиката на работењето на термоелектраните е таква што тие се доста по крути и при испад треба многу повеќе време за разлика од хидро електраните, кои во тие хавариски состојби играат многу поголема улога . Кога сум веќе кај

Владата да кажам и тоа, да апелирам помошта што сега ни е одобрена од ЕЗ да биде искористена за поврзување со 400 киловолтни далекуводи на Македонија, пред се со Албанија и Бугарија со што би се осигурала работата на електроенергетскиот систем, а со тоа би се зголемила и позицијата на самостојна РМ во политички смисол од оската север југ.

Морам да кажам и тоа, бидејќи потекнувам од една организација во која што премногу добро ги знам работите, одредени пратеници од оваа говорница се обидоа да направат херој од сегашниот генерален директор господин Мито Марковски, што воопшто не е така, тврдам. Сметам дека Владата на РМ, слободно можам да кажам, со своите дилетантски потези при штрајкот во РЕК Битола направи еден човек сега да го сметаат за херој, а тврдам дека не е и ќе кажам зошто не е.

Морам да кажам и тоа дека за време на штрајкот во РЕК Битола јас како пратеник воопшто не бев запознат со состојбите и со барањата на штрајкувачите. Благодарение на телевизијата А-1 ми се чини господин Драган Димовски од штрајкувачкиот одбор и едно подолго негово искажување можев да навлезам и да чујам кои се проблемите единствено од телевизија. Сметам дека тогаш беа искажани многу сериозни обвинувања и барам Владата да се произнесе во врска со тие обвинувања. Тука не беа, колку што можев јас да разберам, смена само заради смена, туку беа искажани тврдења, само за пример ќе кажам тоа што можев да чујам од член на штрајкувачкиот одбор на телевизија на А-1 дека се уценувани три девојки, дека се вршени штетни договори со приватни фирми, дека се договарани инвестиции не комисиски, во четири очи, дека се потрошени 120 иљади марки за мермерни плочи итн. и н. Сакам Владата да се произнесе да не доаѓаме во ситуација, можеби овие тврдења се точни, а можеби и не се точни, не е лошо да чуеме Владата што мисли за тоа.

Сега би сакал да се навратам за некои работи за електростопанството, бидејќи ова е прв пат шанса да се каже, еден фундамент слободно да кажам, за една држава енергетиката.

Сметам дека сегашното раководство во електростопанство, тоа го тврдам а ќе кажам и зошто, со своето работење во последните 4-5 години има предизвикано навистина големи штети за оваа Република. Тука мора да се каже и начинот на кој што е избран генералниот ди- ректор, што две собраниски комисии упорно сакаа да го сокријат. Треба да се каже и тоа дека оваа информација е стара 1 година овде, се затајува, се чува во фиоки, а тоа е информацијата дека генералниот директор е избран на незаконски начин. Дали ние како Парламент ќе се бориме за држава во која што ќе владее правото и законите или не. Дали може еден генерален директор на една таква значајна институција за овој систем да биде избран на начин кој несоодвествува со Уставот и со законите на нашата држава и кој им го дал правото на двајца претседатели на собраниски комисии да ги држат овие информации и да не се произнесуваат, заклучени во фиоки година дена. Не е лошо да се каже дека за време на владеењето на овој генерален директор се случија многу тешки хавари кои што оваа држава ја чинат и тоа како многу. Се е тоа резултат на нестручно работење во електростопанството на Македонија. Само ќе споменам за хаваријата на електрофилтерот на 2 февруари 1989 година во Битола, при која хаварија, ако не се лажам, и еден човечки живот беше загубен и беше создадена материјална штета од ранг на милиони долари. Мора да се каже и тоа дека пред таа хаварија истата РЕК Битола работењето им беше, можам да кажам слободно, криминално. Работеа по блок од 100 до 120 - 150 мега вати произведуваа и кога ќе испаднеа ги немаше по цели недели да се вратат повторно на мрежа, а после таа принудна управа што беше таму

Битола стана една од најдобрите термоелектрани во Европа. Мора да се кажат и проблемите за Студенчица кои не беа само проблеми со водата, туку беа и политички со цел да се дискредитираат одредени личности во политиката во Македонија. Мора да се кажат и штетите што стопанството на Македонија ги претрпе за време на декемвриските хаварии 1989 година поради маглите во трафостаницата Скопје IV и редукциите. Значи во Македонија ако имало магла се распаѓаат трафостаници а Англија која живее половина година под магла не треба да има напојување со електрична енергија.

Понатаму, би ја запрашал Владата да ви каже која е штетата во милиони долари заради последните тешки хаварии во трафостаниците Куманово, Гевгелија и ред други во ниско напонската мрежа Тие се свежи, пред неколку месеци. Како може да испаѓаат и да се уништуваат цели трансформатори, скапа инвестиција на оваа држава, а да при тоа не реагира ниедна заштита, а заштитени со три четири степенска заштита. И никој при тоа да не одговара господа, а сето тоа се случува во нашето електростопанство и сето тоа се заташкува за да се сочуваат нестручните и неспособните луѓе за да при тоа поминат уз директорот кога ќе треба да штрајкуваат, кога ќе треба да протестираат итн. И каква е погонската спремност моментално, прашувам во објектите на електростопанството во Републиката во моментот. Тврдам дека голем дел од вработените, од раководниот кадар си бркаат приватни бизниси на службено место со службен телефон, со службена кола итн. Се се случува тоа во државна фирма во фирма која што е од витален интерес на нашата држава. Дали оваа држава има интерес да дозволува ваков јавашлук, можам слободно да кажам, внатре во таа фирма.

Не е лошо да се каже и 1990 година, летото кога имавме хидроенергија, кога ни беа полни езерата на кој начин се продаваше на Хрватска струја за да се покаже дека еве ние сме способни, добри,

заработуваме. И дали беше во интерес на оваа држава хидро потенцијалот да го уништува и да продава енергија на Хрватска. Тука мора да се каже уште една многу важна работа. Кадровските комбинаторики што се вршат на сметка и во интерес на старите електроинженери, на сметка на младите и способни кадри. Дали оваа држава има интерес да инвестира, да школува кадри, кои што кадри не чинат за нашето електростопанство, а чинат за австралиското електростопанство, во Тасманија итн. Само во последните неколку години пет многу способни електроинженери, една иднина што беше за нашето електростопанство, голем дел од нив разочарани и заради актуелната состојба внатре во фирмата, која што воопшто не покажа интерес да ги задржи а беа перспектива и за фирмата и за државата, тоа го тврдам, тоа беа способни луѓе, не чинеа за кај нас сега за таму чинат. Или еве еден од најспособните електроинженери што го имавме ние на факултет, еден од најдобрите кој што на јавноста на Македонија ја откри тајната што сите ние вработени во електр стопанство {ја знаевме дека на Србија со разни малверзации беше оштетена нашата Република со 20 милиони долари, кои што двајца вработени се осудија тоа да и го кажат на македонската јавност беа избркани од работа за да Уставниот суд сега пред месец два ги врати повторно на работа и при тоа тие луѓе бидат шутнати и воопшто не им се даваат никакви работни задачи и да бидат изолирани како болни од куга.

(реагирање на пратениците од место)

Да, да зборувам ова е состојбата што мора да ја знаете ако сакате да ја водите оваа држава.

Или во тесна врска со сегашните хаварии на трафостаниците во Куманово и во Гевгелија. Како може 4 степена тристепена заштита да не реагира, а еден од најспособните електроинженери на факултет, од најдобрите студенти и сега исто на работното место еден од најдобрите вработени, човекот се трга од таа заштита од тоа одделение и ни се

случуваат еве какви хаварии, но никој не одговара што е најважно. Нема одговорност во нашето електростопанство. Тоа се милионски штети во долари, кои што Владата ако е Влада на Македонија треба да каже таа штета колку изнесува.

Или, дали имаме ние визија за електростопанството. За една диспечерска служба ќе ви кажам за проблемите. Таа диспечерска служба секоја држава си ја негува како најважно нешто. Тоа е мозокот на електростопанството. Ако е Битола срцето и крвотокот на електростопанството, реков, 3 илјади, колку се вработени, оваа служба од 10 електроинженери е мозокот на Македонија. Како ние ' се однесување спрема таа служба.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (Продолжение)

Моментално имаме само уште тројца стручњаци во таа диспечерска служба, тоа најодговорно го тврдам, кои што доживеале и знаат што значи распад и знаат како да реагираат. Вие теоретски може да знаете распад на електроенергетски систем, вие теоретски може да знаете колку сакате, а кога ќе ви се случи распадот прашање е како ќе реагирате. Дали тие диспечери се пратени некаде на обука, колку се платени. Тоа да го видиме. И какви услови за работа имаат. На кој начин работи електростопанството на соседна Србија и на кој начин е поставена службата таму. Главниот диспечер што е на таа држава, па тој е од ранг на министер, тој е стручњак. Владата не може да одлучува без него. Тој ја креира стратегијата за развојот на државата. Како смееме ние да дозволиме оваа држава сега да ја донесеме во една таква криминална ситуација, а тврдам дека Македонија е сега во таква ситуација, да немаме никаква хидро резерва. Што ако ни се распадне системот, како ќе реагираме?

И конечно уште нешто. Во Србија пред некој ден се уапсени двајца министри, незнам дали бивши, или сегашни. Барам Владата да ми одговори дали е раководната структура на Електростопанство замешана во финансиски трансакции заради кои што се уапсени министрите во Србија во врска со компензациите. Барам Владата да ми одговори. Нека ја прочитаат мојата дискусија денеска што зборувам и на сите поставени прашања барам господинот Стефанов да ми одговори писмено и поготово за хавариите, колку е штетата во милиони долари, барам да ми одговорите. И дали можеме ние така неодговорно да се однесуваме? Инаку морам да кажам и тоа, се залагам за глобално решение, државата мора да си каже

кои се тие државни фирми. Не може Макпетрол да се трансформира во акционерско друштво и да ја доведува државата во ситуацијата како што ја доведуваше за време на кризата. И ред други и Рафинерија и ПТТ и Лотарија, дајте да ги дефинираме кои се државните фирми? Да кажеме овие фирми се државни и државата има ингеренции, тие, тие и тие може да ги менува директорите, но до кој степен може да оди во менување. Мора да им се даде сигурност на вработените таму и нормално да се обезбеди еден соодветен начин на контрола.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека постои уставен основ за донесување на предложениот закон. Тоа е начелниот член од Уставот за донесување на закони како и членот 38 кој го регулира правото на штрајк. Јас сметам дека постои уставен основ заради тоа што овој закон фактички се регулира правото на штрајк на оние работници кои што работат во јавни претпријатија од посебен општествен интерес што се објаснува со тоа, тие своето право на штрајк да не го изродат во некое неправо, во некое злоупотребување на тоа право што за другите делови на граѓанството и другите структури на стопанството би значело некое неправо и загрозување на нивните права и слободи. Во оваа смисла е и соодветната одредба од Законот која што никако не го ограничува правото на штрајк, туку во остварувањето на тоа право на штрајк дополнително дава една обврска, а секогаш правата ги следуваат соодветни обврски посебно во вакви претпријатија, односно за работниците во вакви претпријатија кои се од јавен карактер за време на остварување на

тој штрајк  да обезбедат една сигурност и незагрозување на безбедноста, на сигурноста, на здравјето, на личноста и на имотот на граѓаните.

По однос на тоа дали има законски основ сметам дека законскиот основ е засниван во општиот системски закон за штрајк и тоа во членовите 5 став 1, членот 7 став 1 и во членот 15 кои се како општи одредби, а се однесуваат за оние претпријатија кои вршат дејност од посебен општествен интерес го конкретизираат начинот, постапката и условите на остварување на правото на штрајк на работни ците во оваа категорија на претпријатија. Сметам дека во тоа утврдуваше на постапката на начинот на условите за вршење на штрајк се конкретизира која е улогата на работниците, како тие треба да се однесуваат во такви услови, која е улогата на работоводниот орган и согласно на таквите нивни обврски во случај на неизвршување на задачите и обврските какви мерки, сега се јавува онаа заштитна, онаа контролна и надзорна улога на државата, а како и покрај така утврдените услови и начини за однесување на работниците и работоводниот орган не се постигнат одредени ефекти, државата регулира инструменти и средства сама да интервенира за разрешување на состојбата во таквите претпријатија заради непречено остварување на дејноста во конкретниот случај кога се работи за законот за претпријатија заради обезбедување на потребите од производство и пренесување на електрична енергија за потребите на електроенергетскиот биланс на Републиката. Кога се поставува прашањето дали има причини за донесување на овој закон, јас сметам дека причини има. Тие причини се затоа што со овој закон фактички се утврдуваат инструментите и средствата на државата од евентуално загрозување на потребите на енергетскиот биланс на Република Македонија. Тоа е основната причина. Државата утврдува сопствени

инструменти за да се заштити од евентуално загрозување на енергетскиот биланс на Републиката што значи од загрозување на потребното ниво на електрична енергија за снабдување на целокупното стопанство и потребите на граѓанството. Никако овој закон не го сфаќам, а и тој никако не значи дека со ова се ограничува, или се условува правото на штрајк на работниците во јавните претпријатија, конкретно во областа на енергетиката. Тие и со овој закон не им се ограничува да во остварување на правото на штрајк се бараат и се борат за своите економски и социјални права меѓу кои и правото на повисоки реални лични доходи. Но, овде се согласувам со колегата Зимбаков да се има во предвид и тоа го дава како средство и овој закон државата да интервенира во тие барања за лични доходи, односно за плати да не се оди превисоко и енормно бидејќи тоа ја товари цената на електричната енергија која директно ќе влијае на загрозување и на стандардот кај граѓаните како што нешто сега непосредно како реагирање го чувствуваме од граѓаните. Исто така, сакам да коментирам дека никако овој закон не го сфаќам дека со него фактички се овозможува државата односно нејзиниот полициски инструмент во случај на остварувањето на правото на штрајк да ги тепа и малтретира тие граѓани. Тоа е вулгаризирање на прашањето. Ако би имало некоја таква цел исто така и јас со донесувањето на овој закон не би се сложил.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас мислам дека сеуште ги чувствуваме последиците од работењето на експертската влада. Правниот вакум, односно неприлагодувањето кон постојниот правен поредок, сега има изразит пример во една противречност

која што од повеќе аспекти може да има значење за Република Македонија. Најавата на Законот за јавните претпријатија требаше да дејствува како една превентива некои работи да се успорат како процеси и да се сочека пополнувањето со оваа регулатива. Но, за жал тука произлезе слабоста на втората македонска Влада која што не можеше да ја разбие отпорноста на електростопанството на Република Македонија. Оттаму и произлегува противречноста за оценките дали еден закон во брза постапка, или сочекување на она што во редовна постапка е најавено. Лично сметам дека заради сите можни штетни последици е помало зло да се избрза заради констатираната слабост на македонската Влада да изврши одредено влијание во групацијата на електростопанството отколку да се остави процесите да се одвиваат не спонтано, туку политички мотивирани. Овде беше укажано и за економските аспекти и за политичките аспекти. Исто така слушнавме и две оценки во врска со работата на електростопанството од една страна ја слушнавме генерално би рекол оценката на ВМРО-ДПМНЕ како една од партиите кои ја составуваат опозицијата, но исто така ја слушнавме и оценката на господинот Пановски и ствар е на политички вкус и сфаќање кои аргументи преовладуваат во однос на институцијата електростопанство. Но јас би укажал овде како и по обичај на политичката димензија. Сметам дека е лицемерно и не може опозицијата да ја направи таа грешка да и ги ускрати инструментите на Владата да владее и со тоа да се стави Владата во објективни услови да мора да сноси одговорност за својата работа. Би било наивно и влегување во сопствена стапица да се направи таа грешка. Мислам дека приоритетна задача на Опозицијата е токму тоа на оваа Влада да и обезбедиме да ги оствари сите инструменти што и се потребни да владее за да може да  сноси одговорност, а и заради

иднината на повеќепартискиот систем во Македонија заради тоа што од тука произлегува и главниот мотив за политичката борба. Секоја политичка партија во ситуација на владеење мора да има уплив во јавните претпријатија, односно во државната сфера. Инаку се губи смисолот и логиката на политичката борба и воопшто на плурализмот Оттаму за мене можам да кажам дека и покрај тоа што има многу противречности, сепак мислам дека е најдобро да го прифатиме предлогот на Владата како шт<р се содржи во документот што ни е доставен.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, мислам дека нема потреба било кој од вас да очекува дека јас ќе се задржам на критиките кои некои од пратениците ни ги упатија. Тоа најмалку имам намера, ниту п&к мислам да правдам одредени состојби пред вас, оние што не сакате да ги сфатите. Се обраќам токму заради тоа за да објаснам со факти одредени состојби кои што се случуваат во РЕК Битола од почетокот на стартирањето до настанувањето на штрајкот, односно до денеска и за оној дел на пратеници кои сакаат тоа да го сфатат, а пред се за јавноста. Сакав периодот на работа на термоелектричните централи Битола да ги поделам на четири периоди, но со оглед на тоа што вие сте доста заморни, јас морам да скратам и да ви речам дека секоја термоелектрична централа која што работи, односно произведува електрична енергија на јаглен е карактеризирана нејзината успешност со пет параметри. И тоа четири се основни, а петтиот е изведен од четвртиот параметар. Тоа се открива на

јаловина, второ, производство на јаглен, трето производство на електрична енергија, четврто потрошен мазут и од него како петто произлегува специфична потрошувачка по единица енергија, односно по киловат час. Како стои состојбата со РЕК Битола. Од 1980 година се почнало со производство на расипливка и таа година е произведено еден милион и двеста и дваесет м$^3$, во 1981 година два милиона и 830, а во 1982 три милиони, во 1983 година осум милиони, во 1984 осум милиони и деветстотини, во 1985 година осум милиони и сто,ја во 1986 седум милиони и седумсто, во 1987 дванаесет милиони, во 1988 четиринаесет милиони и седумстотини, во 1989 дваесет милиони и седумстотини и педесет, значи тоа е после времената управа, во 1990 година дваесет и еден милион, 1991 година дваесет и два милиона седумсто и осумдесет, а минатата година се открија дваесет и седум милиони 529.000 м$^3$.

Ако одиме на вториот параметар колку е произведено јаглен. Со производство на јаглен е почнато од 1982 година. Должност ми е да речам дека податоците се од производно техничката архива на РЕК Битола. Во 1983 година милион 285, во 1984 година 2.490, до 1986 година на тоа ниво е, во 1987 година 3.100, 1988 год. 3.150, во 1989 год. четири милиони триста и педесет, во 1990 год. пет милиони петсто деведесет и шест. Во 1991 год. пет милиони деветсто и еден, а минатата година пет милиони 607.000 тони јаглен.

Да поминеме на третиот параметар кој сите го чувствуваме и можеби за него се тие претходни работи. Тоа е производство на електрична енергија. Во 1982 година се произвеле 79 милиони кв$^ч$ во 1983 год. 92 милиона, во 1984 год. милијарда 628, во 1985 год. една милијарда седумсто деведесет и три, 1986 год. милијарда 660, во 1987 две милијарди 132, во

1988 год. две милијарди и 96 кога се стартува со третиот блок, во 1989 година две милијарди и 700 и после времената управа кога се стабилизира производството и се доведоа блоковите на оптимално производство се произведе четири милијарди 124, значи веднаш удвостручување, во 1991 год. четири милијарди и 52, во 1992 год. четири милијарди и 295 милиони кв$^{ч}$ максимално производство на термоелектричната централа РЕК Битола.

**ЈОВАН АНДОНОВ**: (Продолжение)

Да поминеме на четвртиот параметар потрошувачка на мазут. Во 1982 година е потрошено 10.163 тони мазут во еден блок. Во 1982 година 14.400, 1983 година 14 илјади тони, 1984 година 21.557, во 1985 година 30.784 со два блока, 1986 година исто така со два блока 30.218, 1987 година паѓа на 13.337, 1988 година се крена на 31.293 тони, во 1989 година каде е вклучен и третиот блок при крајот на 1989 година оди на 19.294, 1990 година 3.578, 1991 година 3.715, да мината 1992 година рекордна паѓаат на 2.309 тони мазут.

Ве молам, ако направиме сега еден просек да не ги земаме годините посебно до 1989 година, туку за тие 7 години да направиме просек потрошено е 21.683 тони мазут. Ако тој мазут се подели со мазутот кој се потроши во 1992 година испаѓа дека РЕК "Битола" заштедила на електростопанството 8,6 милијарди денари. Тие 8,6 милијарди денари се не повеќе, туку 4 нето лични доходи за целото електростопанство на Македонија кое брои преку 9 илјади вработени.

Ако се земе сега специфичната потрошувачка која произлегува од првото, да не ве замарам, од 19 82 година почнувајќи од 128 грама по квч. е дојдено на 0,54 грама по квч. минатата година. Или, ако гоземеме минималната и специфична потрошувачка во 1987 година која изнесува 6,20 грама по квч. и специфичната потрошувачка во 1992 година и направиме однос испаѓа дека 11,5 пати е помалку потрошен мазут во 1992 година отколку во најмалку потрошеното пред времената управа во 1987 година.

Зошто ви го изнесувам тоа? Го изнесувам за да јавноста добие слика какво раководство се променува. Мислам дека единствен критериум треба

да биде и на Собранието, а тоа е и на Владата, па и секаде во сите стопански организации деловните резултати. Ние имаме феноменални производни резултати, а менуваме раководство. Дојде време користејќи дел од дискусијата на Пановски, за жал, неспособните ги менуваат способните. Сметам дека тоа е трагедија и мислам дека , господа пратеници вака во Европа не може да се влезе.

Сега, да одам малку сосема кратко на штрајкот. Кога почна штрајкот мислам дека Владата преку својот министер за стопанство три пати беше присутна таму. Не е точно дека Владата не реагирала. Јас не сакав да одам таму затоа што во тој штрајкувачки одбор, верувале или не, си го нашле местото сите оние што за време на мојата принудна управа ги деградирав не за една, туку за 3 степеници како недобри работници. Немаше што јас да очекувам да одаи со|нив да расправам, затоа отиде министерот за стопанство. Ве молам, што се случи потоа. Со ставањето на времениот генерален директор сега тројца од членовите на штрајкувачкиот одбор заземаат високи места во раководството на РЕК "Битола". Едниот е помошник на генералниот директор за производство,другиот на контролно измерителната опрема и третиот е некаде сместен во рудникот. Ако вие сметате дека така треба да се одвиваат работите силата е во вас, законодавството е во вас повелете акцептирајте го тоа. Лично сметам и убеден сум дека нашето општество не може да акцептира еден став да се променат директори кои навистина постигнале извонредни резултати. Тоа се директори ве уверувам, а ваше право е дали ќе ми верувате кои не знаеја ниту за ден ниту за ноќ, кои не знаеја ниту за делник ниту за празник, кои заедно со работниците кои на минус

40°С одеа таму и на крајот доживеаја фијаско. Ова не оди на добро, ова води кон дестабилизација на стопанските токови и постои опасност да се прошири во сите успешни претпријатија и Македонија да потпадне во таков колапс каде не ќе може со децении да се извлече.

Еве, толку е што сакав да ви го предочам без да критикувам било кој, без да настојувам да обвинувам некои што мене ме обвинуваа.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-динот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван претседателе на Собранието, премногу почитувани пратеници за вака добрата и исцрпна дискусија од ваша страна исто така и од страната на Владата.

Ние, навистина, се наоѓаме пред еден сериозен проблем кој настана со штрајкот во РЕК "Битола" и по тој повод и заради тој штрајк ние во ова Собрание имаме пред нас на разгледување и донесување два закони и тоа по итна постапка.

Доста дискусии овде беа конструктивни во поглед на тоа за разрешување на оваа состојба во Електростопанството на Република Македонија, но одредени дискусии имаа, според мое лично убедување и според моите сознанија, други конотации што не одат во прилог на воспоставување на демократски односи, користење на демократското право на штрајк од страна на работниците и во тој контекст и активната улога или учество на Владата како извршен орган во Република Македонија.

Посебно што ме заинтригира изнесувањето на г-динот потпретседател на Владата во овој момент и незнам зошто толку време се чекаше едни такви резултати, така на прва рака да ни бидат овде изнесени и сега сум во голема недоумица зошто беа изнесени тие податоци на ваков начин, дали како поткрепа за донесување на овој закон или за недонесување на овој закон. Според моето мислење никаков ефект не се постигнува со тоа што овде беа изнесени тие податоци и ако беше смислен акт или некоја режија требаше тие податоци да бидат доставени до сите пратеници во писмена форма и д имаме релевантни показатели и да можеме да ги споредиме тие показатели, а не вака потпретседателот излегува како пред минатата седница, ако се сеќавате, излезе г-динот Стево Црвенковски изнесе 8 тези, не обвини и со тоа се заврши работата. Ова е ист метод, ист начин на работа, изнесувам овде одредени параметри и показатели за Електростопанството на Македонија и според нив вие судете, а немате никаков сооднос како да ги подредите тие показатели да видите дали г-динот потпретседател е во право или не. Јас сум сигурен дека потпретседателот не е најпаметниот човек во Македонија и во Електростопанството дека и во РЕК "Битола" има паметни луѓе, има паметни раководители и што ги бележат сите тие резултати и на овие што ги изнесе потпретседателот ќе изнесат сосема поинакви резултати, па тие ќе ги ставиме овде на маса ќе ги споредиме и да видиме каде е вистината. Вака странично само од една страна влегуваме во оваа судница, во овој Парламент како судница, обвинуваме една страна без да даде аргументи другата страна и без да има можности и шанса да се брани. Тоа не е допуштиво, тоа не е ниту културно вака да се настапува и мене ме чуди тие податоци биле изнесувани се со цел само да се потврди дека тоа раководство било квалитетно, биле најквалитетни луѓе, а дека тие другите

што не се неквалитетни се обични урлачи, собрана сурија на луѓе и случајно таа сурија на луѓе во РЕК "Битола" постигнува врвни резултати во Електростопанството на РМ. Тоа навистина ме чуди и од оваа говорница и почитуваниот претседател на Собранието Стојан Андов изрази големи пофалби за РЕК "Битола" овде, ако се сеќавате, а се сеќава и јавноста во Македонија и сега каков парадокс имаме од една страна овие луѓе премногу придонеле за електроенергетската состојба во Македонија, постигнале врвни европски, па дури и светски резултати, од друга страна сега му враќаме како резултат на тоа добро работење со донесување на еден ригорозен закон и со едни аргументи со кои ние луѓето ги потценуваме и ги ставаме на едно недозволено ниво затоа што ние не водиме апсолутно сметка за интегритетот на тие личности, без разлика дали се поединци, раководство или се непосредни работници лопаташи, како што ги викаат во РЕК. Тоа е недостоинствено, тоа е не добро, јас не знам каде може да не води ваквата ситуација ако оваа Влада за овие 6 месеци, откако е избрана во овој Парламент, апсолутно да нема слух зад сите стопански движења што се јавуваат во Македонија и да можеме по редовен пат, по редовна процедура да ги носиме сите потребни закони во РМ. Ние со тоа цел претходната Влада како компетента или не знам надпартиска не одговараше со такви едни изрази, изговори и аргументи ја сменивме и доведовме една партиска Влада која ќе биде способна да ги достави тие закони во овој Парламент, а ние нормално низ расправа да ги донесеме и да почне ова стопанство да функционира. Но, вие се сеќавате добро, аз 6 месеци оваа Влада апсолутно ништо не направи во РМ. Таа се уште тенденциозно и системски не води во катастрофална пропаст. Ова, навистина ви кажувам, не е фарса, јас овие штрајкови, ако некој ги

посматра од некој агол од страна, а да не ги знае внатрешно состојбите на ова раководство и на оваа Влада на која единствена цел и е битка за власт и битка за кадровски престиж, за местење на одредени личности во стопанството, тогаш човек ќе си рече навистина овие штрајкови врз која основа и од каде доаѓаат и дали некој ги режира. Секогаш кога ќе се случат ние наоѓаме некаков изговор еве веднаш некоја политичка партија стои зад нив и бараме дежурен виновник кој ќе го обвиниме за таквиот штрајк. Ние, почитувани пратеници не треба да бараме виновници, виновниците седат овде, 6 месеци оваа Влада тапка во место и чука празна слама, ние, сите тие системски закони што требаше да ги донесеме во пакет беа некаде доставени во Собранието од таа Влада, апсолутно за 6 месеци не се доставени овде, ги нема, немаме ништо донесено евидентно, ние само ексцесно, парцијално носиме по кратка по итна постапка одредени закони и интервенираме, а тоа доволно говори за еден факт, за еден аргумент дека оваа Влада не е способна да ги донесе тие закони и другите системски закони и затоа на ваков начин ја спроведува својата извршна власт и својата политика низ овие закони.

Затоа мислам дека е крајно време оваа Влада треба да си поднесе целосна одговорност, не поединечно, туку колективно заради сите пропусти што ги направија.

Еве, ќе ви набројам неколку од аргументите, доколку ме слушате, сакам да ве убедам дека навистина тоа оваа Влада го правеше за овие 6 месеци.

Прво, во РМ беше направена нафтената криза, а таа нафтена криза во Македонија донесе и нешто друго. Освен тоа што си покрена социјалните

тензии во стопанството, освен тоа што беа вклучени одредени кадровски игри на сегашната Влада, исто така со неконтролираниот увоз на нафтата и нафтени деривати и мазут од III-класа, овој град беше, ако продолжеше зимата со истиот интензитет, овој град ќе продолжеше да се труе, и јас мислам катастрофално ќе се истрueше ако продолжеше со ист интензитет на трошење на ваков мазут.

Господата од Владата можат многу слатко да се смеат, но смеата не е на мене, јас како член на овој Парламент од овие 120 пратеници имам одредени сознанија врз кои дискутирам и да не се однесувате така потценувачки, вие се обидовте во Македонија да направите вештачка криза околу електростопанството т.е. околу потрошувачката на ел.енергија. Пробавте на убав начин да вршите рестрикција по главните потрошувачи во РМ и да правите одредени тензии внатре во Републиката за да ја дестабилизирате тотално да ја клекнете на колена и да моли кај некои други виши сили. Но, кога увидовте дека тоа ќе ви се врати со уште поголема острина и ќе доживеете уште поголемо фијаско од претходниот со нафтата, вие бргу бргу се свестивте и веднаш излеговте како спасители во Владата стопповеќе нема рестрикции на електрична енергија ни по Скопје ни по другите градови на РМ. Тоа е вториот аргумент за вашето неработење и за вашето тенденцијално носење на оваа Република во пропаст. Намерно носење на РМ во катастрофална пропаст. Ако тоа го исклучиме како два аргументи кои јас ги сметам, ако ги земеме другите аргументи во РЕК "Битола", јас реков во тој РЕК нема само еден паметен човек, а ние треба да ги респектираме сите луѓе што нешто знаат и тој систем не може да функционира со прости и неучени луѓе. Сфатете, не може да постигнува високи резултати. Тоа значи добра корелација а во работата, тоа значи добра синхронизирана работа од откривање на

улината, од вадење на јагленот, па се до производството на ел. енергија. Сите вработени во РЕК "Битола" нормално го заслужуваат, дали некој повеќе или некој помалку, тоа е малку важно. НО, значи во целост тие луѓе се активно ангажирани дури на минус 37°С кога треба да се прогласи незнам каква елементарна непогода или неповолни услови за работа, тие успеаа да ги остварат тие врвни резултати. Сега, наспроти сето тоа ние сакаме да докажеме дека овие работници освен раководниот тим или освен директорот не се способни. Но, за да ви доставам уште една аргументација дека тоа не е така, и на г-динот потпретседател да му дадам на знаење дека навистина Владата и раководството на РЕК ја направија оваа каша која треба вие да ја српкате, еве на Прес-конференција г-динот ген.директор на РЕК "Битола што изјави на 8 јануари 1993 година. Цитирам: "Оваа бирократска Влада и покрај тоа што ние произведуваме дури 78% од ел.енергија од вкупното производство во Македонија, ниту еден член од Владата на РМ не најде за сходно до сега да не посети и да праша во какви ус лови работиме ние. Затоа, членовите на Владата многу често можат да се видат на разни семинари, театарски престави, промоции на книги и слично. Се прашувам, вели ген.директор на РЕК "Битола" Панде Лазаров, дали во овој момент има позначаен капацитет во РМ од РЕК "Битола" и дали не сме заслужиле да не удостојат барем со една посета." Кога беше главниот штрајк, главната кулминација во РЕК "Битола" г-динот претседател на македонската Влада во Кочани дели трофеи за кошарка. Тоа е крајна несериозност господа пратеници, крајна несериозност. Ако проблемот постои, вие како извршна власт треба да му дадете соодветен третман и внимание, без разлика колку сте стручни, колку знаете или колку не знаете. НО, сепак вие треба да одговорите на таа ситуација која е настаната во РЕК "Битола", а не заради вашата неподготвеност и заради

вашата игра што ја наметнавте со овие нешта, гледате како се случи ова, од една страна ген.директор ја напаѓа оваа Влада, ова значи акт за оставка на целата Влада од страна на ген. директор Панде Лазаревски, а од друга страна Владата се јавува вели ген.директор е најповиканиот, најдобриот директор во електростопанството на РМ и тој треба да остане. Тие беа аргументите на потпретседателот на Владата.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (Продолжение)

Гледате каков парадокс! Значи тие што ни ја направија оваа каша се истите луѓе кои сега тука, ниту јас како пратеник имав контакти со некој, па ниту сакав да правам такви безредија во РЕК зашто почитувани пратеници зошто толку несериозно се однесуваме кога знаеме дека 3000 вработени има во овој РЕК. Сметајте најмалку по 4 членови на семејството се тие 3000 и по 4 тоа се 12000 луѓе, кои опстојуваат, живеат од тие плати од тоа производство. И како ние му даваме третман од страна на Владата. И како ние се однесуваме со тие луѓе и ги правиме едноставно урлачи, а само еден го искачуваме на пиедестал дека тој вреди, дека тој е семожен, тој може се итн. Од друга страна ако сте спремни јас сум да прифатам повеќе работи и сигурен сум дека од вашите показатели има вистина овде што ги изнесовте. Но има и други факти и вистини, дајте ако треба да формираме некоја комисија или вие од Владата, па да видиме сите работи да ги изнесеме на виделина, да видиме и за вашата работа во РЕК Битола, да видиме дали генералниот директор и да не ги ставаме само овие резултати како приоритетни, зашто јас имав еден податок од телефонски повик што беше искажан, кој вели: Да, во РЕК Битола се постигнати добри резултати, но според програмата РЕК Битола што треба јагленот да го користи некаде околу 1700 до 1750 колокалории треба да троши јаглен, но сега во моментот се користи само оној здравиот најчистиот јаглен со 1900 килокалории. Вели тука е она што е или го прави успешен тој генерален директор. Да ги споредиме тие показатели па да видиме и тогаш со право да речеме дека сте во право или тие се во криво. Јас сакам врз база на аргументи, врз база на докази да дискутираме а не само од едната страна обвинете некого, а не му давате шанса да се брани, не му давате шанса да ги каже своите контрааргументи.

Исто така, во РЕК има доста работи, не може таму се да биде најисправно и да цути. Има таму и други работи кои луѓето треба да ги кажат. Дајте да видиме, ако може тоа да придонесе во прилог РЕК наместо ова производство да носи уште поголено производство, уште поголемо количество на електрична енергија, дајте да помогнеме или вие како извршна власт дајте екипирајте ги тие луѓе па да видиме што е таа работа. Или дали во РЕК според вашите сознанија што се прави со другиот ќумур што е под главниот слој на ќумурот, а 8 0 метри под тој слој се наоѓа друг јаглен кој може исто така да се користи. Да видиме, нешто да имаме пред нас за да можеме релевантно да одлучуваме а не вака, ние ги ставаме луѓето во еден кош и веднаш заради нивното добро работење или недобро работење, сега зависи од тоа како ќе ги сфатиме работите според она што јас сега го изнесов, треба да судиме и да носиме закон и да вршиме нивна егзекуција. Јас не би се согласил знаете зошто од друга причина да не се донесе овој закон? Не заради тоа дека државата не треба да има влијание, не треба да има контрола врз ваквите јавни претпријатија во Република Македонија, но сега кога веќе се направи таков проблем, тоа испаѓа дека ние од каприц или за инает или за освета, или за егзекуција на тие луѓе да донесуваме ваков закон па потоа да им се светиме, кого сакаме да бркаме и тн. да правиме класична поделба во колективот. Тоа не води кон стабилизација на односите во РЕК Битола, туку тоа оди кон дестабилизација на односите во РЕК Битола. Јас сум сигурен, ако со вакви парцијални решенија одиме со парцијални закони да ги гаснеме овие пожари мислам дека ни нема спас ние сеуште повеќе ќе тонеме, но затоа според мое мислење ние треба добро да се замислиме и да седнеме. Владата шест месеци ништо не ни понудува од она што требаше да се донесе во овој Парламент почитувани пратеници, свестете се дека ние не

сме на степенот на она ниво што Република Македонија треба да го бара од нас и го бара поправо. Ние не сме на тоа ниво. Едноставно ние не го положивме испитот. И вие како Влада не го положивте испитот. Не сме на тоа ниво, едноставно не сме сериозни. Кај народот имаме катастрофални последици и катастрофални мисли за нас и како луѓе и како Влада и како сакате размислувајте, и како сакате сфатете ме. Не може на ваков начин да се решаваат работите. И што ако претпостави и што ако под претпоставка во РЕК Битола кулминирања состојбата до тој степен да беше употребена било каква сила. Па замислете, дали некој ќе биде рамнодушен брат му, татко му или син му во РЕК Битола да го гледа некој од страна сеирџија и да го тепа сопствениот син и сопствениот татко. Тоа апсолутно нема логика. Затоа, ние не треба да ги доведеме состојбите до тој степен а со ваква работа и со ваква неодговорност ние навистина и ќе ги доведеме.

Во прилог на сето ова одат, доаѓаат сите апели што сега моментално се испратени во ова Собрание. Тука вие го видовте и испратеното писмо од Железницата на Македонија, вие исто така го знаете и ставот на Синдикатот на Македонија. Ние не треба пред тие институции, пред овие организации да замижиме и така легитимно без никаква критичка основа да го донесеме овој закон и после него да имаме уште поголеми последици.

Затоа, посебно апелирам да не се донесе овој закон како што рече и Ефтим Манев и некои други наши пратеници овде овој закон а и наредниот што треба да се донесе да се донесат во редовна процедура а во меѓувреме да се увиди кој од другите системски закони или кои други закони треба да се донесат, да се подготват и да можеме многу поквалитетно да расправаме и многу помирно и подостоинствено да ги донесеме се со цел само да не направиме поголемо:зло од она што денес се случува во Република Македонија.

Затоа, на крајот сакам да завршам, макар што овде имав доста за дискусија, доста работи не сакам ни да ги повторувам, веќе беа кажани овде, ние во член 10 од Уставот на Република Македонија ја укинавме смртната казна, почитувани пратеници. Ако ваков закон донесуваме и продолжиме со вакви закони, фактички ние на работникот му донесуваме смртна казна, смртна пресуда. Не смееме (во салата отпочнаа некои реакции и смеење од одделни пратеници) на ваков начин да манипулираме со работниците.

А за почитуваниот пратеник од Тетово сакам да кажам една работа која навистина овде ми лежи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може за пратеникот да кажуваме, не е човекот на дневен ред.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, пратеникот не го спомнав по име и презиме, (претседателот Стојан Андов вели сеедно, рековте, немојте за тоа). За еден почитуван пратеник морам да го спомнам ова бидејќи еве таква е состојбата. Господинот потпретседател на Владата требаше да ни каже дали реално во Македонија цената на чинење, пазарната цена на електричната енергија е вистина толку колку што изнесува денес во споредба со европските стандарди или со светските стандарди, па да видиме дали тие капацитети во Република Македонија што се најголеми потрошувачи на енергија не се прелеваат средствата или тој пот и труд на работниците од РЕК не се прелеваат во тие капацитети во Република Македонија, па да видиме кој кого експлоатира, а не само површно и чаршиски да зборуваме овде по одредени прашања.

Дајте ни показатели, дајте ни информации, ќе ја помрднеме земјата меѓутоа вие цело време се служите со дезинформации и со лаги и сакате оваа држава да ја водите кон добар пат. Нема добар пат, дајте сите да си одиме и да се изврши целосна реконструкција на власта да дојдат способни луѓе и Македонија да ја изведат на прав пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

(Еден од пратениците бара реплика, а на тоа претседателот Андов вели).

Не сте спомнати по име, ве молам. Овде е по име спомната само експлоатацијата која мислев ја заборавивме, ама пак ја воведуваме гледам, како термин мериторен.

Го заклучувам претресот, општиот претрес.

Утре минуваме на амандманите, сега не можеме бидејќи доста ги има и би требало многу долго да седиме.

Значи продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 18,05 часот).